**ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР - БИТОЛА**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР ЗА 2026 ГОДИНА

**Битола, Декември, 2025 год.**

**I ВОВЕД**

1.1. ВИЗИЈА НА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

1.2 ГЛАВНИ ЦЕЛИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

1.3. НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО ЗНАЧЕЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ПЕЛИСТЕР

1.4. ГРАНИЦИ И ЗОНИ

**II ПРОГРАМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРОГРАМИТЕ / ПОТПРОГРАМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР**

**ПРОГРАМА 1 ЗАЧУВУВАЊЕ И МОНИТОРИНГ НА ПРИРОДНОТО НАСЛЕДСТВО**

**ПОТПРОГРАМА 1 ДОЛГОРОЧЕН МОНИТОРИНГ НА ВИДОВИТЕ, ЖИВЕАЛИШТАТА И ПРЕДЕЛИТЕ**

1.1.1 МОНИТОРИНГ НА СОСТОЈБАТА НА ЖИВЕАЛИШТАТА И ВИДОВИТЕ ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ПЕЛИСТЕР

1.1.2 ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ И ЗАКАНИТЕ КОИ ВЛИЈААТ ВРЗ ПРЕДЕЛИТЕ СО ФИЗИЧКА ЗАШТИТА

**ПОТПРОГРАМА 2 УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВЕАЛИШТА И ПРЕДЕЛИ**

1.2.1 ЗАШТИТА НА СОСТОЈБАТА НА ЖИВЕАЛИШТАТА КОИ СЕ ПОД ЗАКАНА ОД ПОЖАРИ

1.2.2 УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСИТЕ И ЗАКАНИТЕ КОИ ВЛИЈААТ НА ТРЕНДОВИТЕ НА ПОПУЛАЦИИТЕ

**ПОТПРОГРАМА 3 ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ВИДОВИТЕ**

1.3.1 УПРАВУВАЊЕ СО ВИДОВИТЕ ВО НП ПЕЛИСТЕР

**ПОТПРОГРАМА 4 СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА ВО РАСПРОСТРАНУВАЊЕТО НА ИНВАЗИВНИТЕ ВИДОВИ И ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ ЗА НИВНО ОТСТРАНУВАЊЕ**

1.4.1 СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ ОД СТУДИЈАТА ЗА КОНТРОЛА НА АМЕРИКАНСКАТА ДУГЛАЗИЈА

**ПОТПРОГРАМА 5 ДОЛГОРОЧЕН МОНИТОРИНГ И ЗАШТИТА НА ГЕОНАЛСЕДСТВОТО**

1.5.1 ЗАШТИТА НА ГЕОЛОШКОТО И ГЕОМОРФОЛОШКОТО НАСЛЕДСТВО

1.5.2 Зачувување на хидролошките карактеристики

1.5.3 Зачувување на значајните пределски или пејсажни вредности

**ПРОГРАМА 2 ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ**

ПОТПРОГРАМА 1 ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ВИДОВИ (РАСТЕНИЈА И ГАБИ) КОИ СЕ СОБИРААТ ЗА КОМЕРЦИЈАЛНИ ЦЕЛИ

**ПРОГРАМА 3 УПРАВУВАЊЕ СО ШУМСКИ ЖИВЕАЛИШТА И ЕКОСИСТЕМИ**

ПОТПРОГРАМА 2 ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ЗАШТИТА НА ДРВЈА, ЗНАЧАЈНИ ЗА БИОЛОШКАТА

РАЗНОВИДНОСТ И МРТВА ШУМСКА ДРВЕСИНА ВО ШУМИТЕ ОД НП НП Пелистер

3.2.1 ДОРЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗРАБОТКА И ПОДИГАЊЕ НА АРБОРЕТУМ

**ПОТПРОГРАМА 5 ПОШУМУВАЊЕ НА НЕОБНОВЕНИ СЕШИШТА, ОТВОРЕНИ ТЕРЕНИ, ПОСЛЕ ПРИРОДНИ ИЛИ АНТРОПОГЕНИ КАТАСТРОФИ И НЕСРЕЌИ, ТЕРЕНИ СО ЕРОЗИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ДЕГРАДИРАНИ ШУМСКИ СОСТОИНИ**

3.5.1 ЗАЧУВУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ЕКОСИСТЕМИ СО ПОШУМУВАЊЕ СОГЛАСНО ПРЕПОРАКИТЕ ОД СТУДИЈАТА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СТАРИТЕ МОЛИКОВИ ШУМИ ОКОЛУ БЕГОВА ЧЕШМА

3.5.2 ЗАЧУВУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ЕКОСИСТЕМИ СО ПОТСЕЈУВАЊЕ

3.5.3 МЕЛИОРАТИВНО ОДГЛЕДУВАЧКИ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ШУМСКИ ЕКОСИСТЕМИ

3.5.3.1 ОТВАРАЊЕ НА ШУМИТЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ПАТИШТА

3.5.3.1.1 ОДРЖУВАЊЕ НА ШУМСКИ ПАТИШТА ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

3.5.3.1.2 ИЗГРАДБА НА ШУМСКИ ПАТИШТА ВО НАЦИОНАЛ ПАРК ПЕЛИСТЕР

3.5.4 ОДРЖЛИВО КОРИСТЕЊЕ НА ШУМИТЕ ВО ПРИВАТНА СОПСТВЕНОСТ

**ПРОГРАМА 4 УПРАВУВАЊЕ СО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО**

**ПРОГРАМА 5 РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ И РЕКРЕАЦИЈА**

**ПОТПРОГРАМА 1 ВАЛОРИЗИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ ВО НП ПЕЛИСТЕР И БЛИСКАТА ОКОЛИНА**

5.1.1 ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР ВО НП ПЕЛИСТЕР

**ПОТПРОГРАМА 2 РАЗВОЈ НА УСЛУГИ ЗА ТУРИСТИТЕ**

5.2.1 ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВОДИЧКА СЛУЖБА

ПОТПРОГРАМА 5 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИИ ЗА РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ ВО НП ПЕЛИСТЕР

5.5.1. ПРОМОЦИЈА НА ПАРКОТ КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА НА БАЛКАНОТ

5.2 ПОТПРОГРАМА 2 РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА ВО НП ПЕЛИСТЕР

5.2.1 ОДРЖУВАЊЕ И ИЗРАБОТКА НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПОПРАТНИ СОДРЖИНИ

ПОТПРОГРАМА 3 СИСТЕМ НА МОНИТОРИНГ НА ПОСЕТИТЕЛИ ВО НП ПЕЛИСТЕР

5.3.1. МОНИТОРИНГ НА ПОСЕТИТЕЛИ ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ПЕЛИСТЕР

**ПРОГРАМА 6 ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ (СО АКЦЕНТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ СТОПАНСКИ ДЕЈНОСТИ)**

**ПОТПРОГРАМА 1 АКТИВНО УЧЕСТВО НА ЛОКАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

6.1.1 ЛОКАЛНИ ЗАЕДНИЦИ

**ПРОГРАМА 7 ИНФОРМИРАЊЕ, ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ И ОБРАЗОВАНИЕ/ЕДУКАЦИЈА**

**ПОПРОГРАМА 1 ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ**

7.1.1 ПРОМОЦИЈА И ПОЧЕТОК СО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА РЕДИЗАЈНИРАНА ВЕБ СТРАНИЦА НА НП ПЕЛИСТЕР

**ПОТПРОГРАМА 2 ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА И ЈАКНЕЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ВО ПАРКОТ**

7.2.1 ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА

7.2.2. АКТИВНОСТИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ НАСТАНИ
7.2.3. ИНФОРМИРАЊЕ И ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

**ПОТПРОГРАМА 4 ЕКОЛОШКО ОБРАЗОВАНИЕ**
7.4.1 ОБРАЗОВАНИЕ И ЕДУКАЦИЈА

ПРОГРАМА 8 РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, ФИНАНСИРАЊЕ И АДМИНИСТРАЦИЈА

УПРАВУВАЊЕ СО НП ПЕЛИСТЕР

8.1.1 РАКОВОДЕЊЕ И АДМИНИСТРАЦИЈА

**ПОТПРОГРАМА ИНСТИТУЦИОНАЛНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЈАВНАТА УСТАНОВА**
8.1.2 ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ

**ПОТПРОГРАМА 2 ФИНАНСИРАЊЕ**

**ПОТПРОГРАМА 3 ЕФИКАСНО И ЕФЕКТИВНО УПРАВУВАЊЕ СО ПАРКОТ**

**8.3.1 ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА СОРАБОТКА/КОНСУЛТАЦИИ СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ**

**III ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ**

## I Вовед

Годишната програма за заштита на природата на Националниот парк Пелистер (ЈУНП Пелистер) е изготвена врз основа на обврската која произлегува од член 98, став 2 од Законот за заштита на природата (Сл. Весник на Р.М. бр. 67/04, 14/06, 84/07 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), а во согласност со Правилникот за содржината на Плановите за управување со заштитени подрачја и содржината на годишните програми за заштита на природата (Сл. Весник на Р.М. бр. 26/12). Исто така, Програмата изработена е во согласност со Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари (Службен весник на РМ, бр. 82/15) и Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/2004, 81/2007, 55/13 и 158/14).

Годишната програма за заштита на природата за 2026 г., е изготвена според основните елементи на Планот за управување со ЈУ Национален Парк Пелистер за периодот 2021 – 2030, изработен во рамките на Проектот "Воспоставување на нов менаџмент План за управување со Националниот парк Пелистер", финансиран од Фондацијата ПОНТ. Со проектот од ПОНТ се спроведе Студија за ревалоризација/валоризација на вредностите на територијата на НП Пелистер и се изготви новиот План за управување на НП Пелистер, кој ги инкорпорира резултатите од TWINNING проектот, односно од истражувањата и изготвениот план за управување со Натура 2000 во НП Пелистер. Спроведена е Стратегиска оцена за животната средина за Националниот парк Пелистер.

Со Годишната програма за заштита на природата во НП Пелистер за 2026 година, се определуваат динамиката и носителите на активностите, изворите и износот на потребните финансиски средства за реализација на програмата. Реализирањето и спроведувањето на активностите и задачите утврдени со Годишната програма се во тесна зависност од оранизациските и материјално-финансиските претпоставки, како и од ангажирањето на релевантните институции и заинтересирани субјекти во заштитата и унапредување на вредностите на Паркот.

Националниот парк Пелистер од страна на МЖСПП, е идентификувано како идно НАТУРА 2000 подрачје во РСМ, и е избрано за пилот подрачје за реализација на активностите на TWINNING проектот: „Зајакнување на капацитетите за ефективно спроведување на европското законодавство во областа на заштитата на природата". Со TWINNING проектот се изготвени планови за упрвување со Натура 2000 подрачјето - НП Пелистер, и истите се инкорпорирани, во финалниот План за управување на НП Пелистер (2021-2030). Во Планот за управување на НП Пелистер се инкорпорирани и резултатите од истражувањата спроведени во НП Пелистер од домашни експерти за определени видови и живеалишта, спроведени со средства на ЕУ, обезбедени од МЖСПП, а реализирани преку УНДП.

## 1.1. Визија на Националниот парк Пелистер

*НП Пелистер е област со висока вредност на природата, познат по фасцинантниот и недопрен предел, богата и зачувана биолошка разновидност, место каде непречено се одвиваат природните процеси и функции. Зачуваноста на биолошката разновидност, на сите нивоа, е со поволен статус и  продолжува да претставува главна одлика на Паркот. Непреченото одвивање на природните процеси, функции и циклуси во природните екосистеми подржуваат стабилни и витални популации на засегнатите и особено загрозените ендемични и други автохтони видови. Локалното население и посетителите ги препознаваат вредностите на Паркот, но и придобивките, ги поддржуваат и уживаат во широкиот спектар на активности кои се во согласност со природните услови како и културното наследство. Паркот го управува посветен кадар, кој применува модерни технологии за мониторинг, поседува комуникациски вештини кои ја јакнат синергијата помеѓу природата и човекот и обезбедуваат одржливо користење на природните ресурси и развој на туризмот. НП Пелистер со своите можности се наоѓа на туристичките мапи на Европа и светот.*

## 1.2 Главни цели за управување со Национален парк Пелистер

Главните цели на Националниот парк Пелистер се содржани во дефинирањето на националниот парк, кој од страна на меѓународната и национална класификација спаѓа во втората категорија на заштита.

По дефиниција на IUCN (Меѓународна организација за заштита на природата) заштитените подрачја во II категорија се: "големи  природни и културни добра, чија цел е да се заштитат големите еколошки процеси, и да се земат предвид комплементарните видови и екосистемите карактеристични за ова подрачје."

Според Законот за природа, член 72, национален парк е: „пространо претежно неизменето подрачје на копно или вода, со особени повеќекратни природни вредности, кое опфаќа еден или повеќе сочувани или незначително изменети екосистеми, а првенствено е наменет за зачувување на изворното природно, културно и духовно богатство“ (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16).

**Главни цели на заштита на Националниот парк Пелистер**

- Вредностите на природата (биолошката и геолошката разновидност, како и пределот) во Паркот, од национална, ЕУ и глобална важност, се заштитени за добробитта на локалните заедници, посетителите и идните генерации;

- Културното наследство и традицијата се валоризирани, заштитени и претставуваат вредности за кои покажуваат интерес посетителите, туроператорите, а се придобивка за идните генерации;
- ЈУ НП Пелистер има стабилен буџет и едуциран кадар, кој гарантира успешно управување со вредностите на Паркот, успешно се справува со пожарите и другите природни непогоди, обезбедува континуиран мониторинг со користење на модерни технологии и стимулира и поддржува научни истражувања, вредни за науката и одржување на видовата разновидност и стабилноста на популации во Паркот;
- Наплатата за екосистемските услуги е регулирана и контролирана и претставува основа за поддршка и социјален развој на локалните заедници во и околу Паркот;
- Едукацијата за вредностите на Паркот и комуникацијата со заинтересираните страни и локалните заедници е силна страна на ЈУ НП Пелистер. Паркот претставува училница за природата на отворено и остварува синергија меѓу човекот и природата;
- Едукативните и туристички посети на Паркот се успешно управувани, во согласност со годишните програми, зголемениот број на туристички водичи и едукатори и системот за наплата. Процентот на посетители од земјата и странство, како и бројот на едукативни работилници расте до одржливи граници;

При определувањето на целите за заштита и одржлив развој следени се препораките на државните: Планови, Стратегии и меѓународните Конвенции.

За постигнување на овие цели Јавната установа Национален парк Пелистер го унапредува својот капацитет за управување и работи на добивање поголема поддршка од пошироката општествена заедница.

Создадени се услови за успешно и ефикасно управување со Националниот парк, врз принципите на заштита, преку избалансирани односи и одржливо користење на природните ресурси на паркот.

## 1.3. Национално и меѓународно значење на Националниот парк Пелистер

Од геолошките форми, најкарактеристичен белег на НП „Пелистер“ се камените реки, периглацијална рељефна појава која се јавува на височина од 1300 m до 2000 m. Овие камени реки се едни од најмаркантните на Балканскиот Полуостров.

НП „Пелистер“ поседува значајни вредности од аспект на биолошката разновидност. Идентификувани се голем број на меѓународно значајни видови од флората и фауната кои имаат конзервациско значење.

Во НП „Пелистер“ до сега се регистрирани 1307 таксони виши растенија, од кои секако за поширокат јавност е најпознат петоиглечестиот бор молика *Pinus peuce*, балкански ендемит за

науката опишан точно од Пелистер. Покрај моликата, во Паркот се среќаваат уште 17 субендемити, а 32 таксони се меѓународно значајни видови (4 на додатоците на Директивата за живеалишта).

Имајќи ги предвид наведените информации, клучните вредности на Паркот се:

- Камени реки и лититите со камењари (пределни вредности и карактеристични живеалишта за приоритетни видови според Европските директиви);
- Глацијални езера со нивните циркови и високопланински извори (карактеристични пејсажни вредности и центри на ендемизам за дијатомејски алги);
- Моликови шуми (пределни вредности, добро зачувани состоини и *locus typicus* на моликата и живеалиште на други приоритетни видови според Европските директиви);
- Приоритетни типови на живеалишта според Европската директива за живеалишта: 6230*: Тревни површини богати со видот *Nardus*, на силикатни подлоги во планински подрачја (во рамките на 62D0 - Оромезиски ацидофилни тревни површини), 7220*: Извори кои петрифицираат со формација на варовнички депозит/туф и 6220* Псеудостепи со треви и едногодишни растенија Thero-Brachypodietea (Pseudo-steppe with grasses and annuals of the Thero-Brachypodietea);
- Ендемити (посебно меѓу безрбетниците) и субендемити, заради кои Паркот најверојатно ги исполнува критериумите B2 и B3 за идентификација на Клучни подрачја за биолошката разновидност.
- Крупни цицачи, посебно кафеава мечка, и потенцијалот за поддржување на други видови крупни цицачи (тревопасни – балканска дивокоза, сверови – балкански рис).

Националниот Парк „Пелистер“ или делови од неговата територија, врз база на меѓународни критериуми и стандарди, се идентификувани како:

- **a.** Идентификувано значајно растително подрачје (ЗРП) „Пелистер”
- **b.** Идентификувано значајно подрачје за пеперутки (ЗПП) „Баба“ (FYRM-08)
- **c.** Емералд подрачје „Пелистер“ (МК0000004)
- **d.** Предлог Натура 2000 подрачје „Пелистер“
- **e.** Идентификувано значајно подрачје за птици (ЗПП)
- **f.** Во **Пан-европската еколошка мрежа** за Југоисточна Европа, Пелистер е идентификуван како важен коридор за движење на дивите растителни и животински видови. Додека во Предлог **Националната еколошка мрежа (МАК-НЕН),** Пелистер е еден од четиринаесетте јадрови подрачја.
- **g.** Долж границата меѓу Република Северна Македонија и Република Грција се протега дел од **Европскиот зелен појас**
- **h.** **Прекуграничниот биосферен резерват Охрид-Преспа**

## 1.4. Граници и зони

Националниот парк Пелистер се наоѓа во југозападниот дел на Република Северна Македонија, на северниот дел од Баба Планина, опфаќајќи го просторот од 891 до 2601 м надморска височина, со вкупна површина од 17.150 хектари. Северно од Паркот проаѓа регионалниот пат Битола-Ресен и се наоѓа планината Бигла, а на јужната страна Паркот се граничи со Република Грција. Источно од Паркот се наоѓа Пелагониската котлина и градот Битола, а на запад се наоѓа Преспанската котлина и градот Ресен.

Просторната идентификација, режимите, односно степените на заштита во Националниот парк се дефинирани  како заштитни зони. Концептот на зонирање на паркот беше дефиниран врз основа на Законот за заштита на природата, член 92, став 4 (Сл. Весник на РМ 67/04, 14/06, 84/07 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), во поглед на активностите и дејностите кои можат да се вршат во зоните. Согласно Законот за прогласување на Националниот парк Пелистер (Сл. Весник на РМ бр. 150/07) и врз основа на ревалоризацијата/валоризацијата на Паркот, се наметна потреба за модификација на внатрешните граници на зоните за строга заштита (и зоните за активно управување). Вкупното намалување на површината за строга заштита изнесува 795.8 ha или 4,6% од територијата на Паркот. Заради подобра заштита на вредностите, и на неколку други места во Паркот е проширена зоната за активно управување на сметка на зоната за одржливо користење, со што збирната површина на зоните за строга заштита и зоните за активно управување достигнува 75% од територијата на Паркот (нето промена на овие две зони од околу 11% во полза на построга заштита).

Овој пристап резултираше со намалување на површината на зона за строга заштита (за околу 5%) и значајно зголемување на зоната за активно управување (на сметка на зоната за строга заштита и зоната за одржливо користење).



## Зонирање на НП “Пелистер,,

### ➢ Зона на строга заштита

Зоната за строга заштита (ЗСЗ) претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштитата, што се карактеризира со изворни, неизменети карактеристики на екосистемите или има сосема мали промени како резултат на традиционални управувачки практики. Во зоната за строга заштита се дозволени научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето (член 104 од Закон за заштита на природата).

Зоната на строга заштита во НП „Пелистер“ е поделена на три јадра. Првото и второто јадро претставуваат две засебни целини во шумско-стопанската единица „Вртушка“:

- **Зона на строга заштита - 01 Вртушка**
- **Зона на строга заштита - 02 Св. Ана**
- **Зона на строга заштита - 03 Баба**
- **Зона на строга заштита - 04 Козји Камен**
- **Зона на строга заштита - 05**

| | **Зона за строга заштита** |
|---|---|
| **Големина** | 4388.5*ha* (25.59%од Паркот) |
| **Атрибути** | **Природна зона** со незначително изменети живеалишта од примарно потекло и незначително човеково влијание после прогласувањето на Паркот. Присутни се голем број клучни живеалишта, видови и геоморфолошки појави. Отсуствуваат инфраструктурни објекти, со исклучок на Антенскиот предавател на МРТ на Врвот Пелистер и Планинарскиот дом на Големо Езеро. |
| **Примарна цел на управувањето** | Непречено одвивање на природните процеси со цел долгорочна заштита на карактеристичните екосистеми и придружните видови. |
| **Секундарна цел на управувањето** | Во зоната за строга заштита се дозволени научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето (член 104 од Закон за заштита на природата). |

## Зона на активно управување

Зоната за активно управување (ЗАУ) претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни поголеми управувачки интервенции со цел реставрација, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство (член 105 од Законот за заштита на природа):

- **Зона на активно управување - 01**
- **Зона на активно управување - 02 Големо Езеро**

| | **Зона за активно управување** |
|---|---|
| **Големина** | 8496.5*ha* (49.54% од Паркот) |
| **Атрибути** | **Природна зона** во која се присутни голем број клучни живеалишта и видови. Од инфраструктурата присутен е еден помал објект во сопственост на МРТ, во постапка на легализација. |
| **Примарна цел на управувањето** | Непречено одвивање на природните процеси во која се потребни поголеми управувачки интервенции со цел реставрација, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот. |
| **Секундарна цел на управувањето** | Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство |

## Заштитен појас (бафер зона)

**Бафер зона - 01 –** Во бафер зоната е ставен патот кој од Палиснопје води кон врвот Пелистер и кон Големо Езеро, како и појас со широчина од 5 метри непосредно околу патот. Појасот околу патот е оставен единствено со намена да овозможи одржување на патот во проодна состојба. Во бафер зоната се вклучени и телекомуникациската антена со објектот на врвот Пелистер и планинарскиот дом на Големо Езеро. Овој појас е оставен единствено со намена да овозможи одржување на патот во проодна состојба. Во оваа зона нема да се дозволи изградба на друга

линиска или урбана инфраструктура, како ни унапредување на патната инфраструктура преку асфалтирање, поплочување или на друг начин менување на површината на патот. Дополнително, заради заштита на зоната за активно управување од притисоците/влијанијата врз природните вредности кои може да настанат од активности кои се одвиваат надвор од границите на Паркот, секаде каде што зоната за активно управување излегува, односно се тангира, со надворешната граница на Паркот е поставен заштитен појас во широчина од 5 m.

## Зона на одржливо користење

Зона за одржливо користење (ЗОК) претставува значителен дел од заштитеното подрачје која не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште (член 106 од Закон за заштита на природа).

На оваа зона отпаѓа преостанатата територија на Паркот (4194,4 ha).

Со воспоставувањето на новото предлог-зонирање на територијата на Националниот парк, истото сукцесивно ќе биде имплементирано и во Посебните планови за одгледување и заштита на шумите во заштитени подрачја т.е во трите посебни шумско-стопански единици: Брајчино, Вртешка и Пелистер.

| | **Зона за одржливо користење** |
|---|---|
| **Големина** | 4193.4*ha* (24.45%од Паркот) |
| **Атрибути** | Зона наменета за туристичко – рекреативни активности. Присутни се повеќе живеалишта и видови. Присутна е незначителна инфраструктура. |
| **Примарна цел на управувањето** | Еколошко поврзување на живеалиштата и контрола на човековото влијание врз природната зона. |
| **Секундарни цели на управувањето** | ✓ Туристички активности<br>✓ Собирање на лековити растенија и габи |

***Зони во НП „Пелистер“***

| Зона | Зони (ha) | Зони (%) |
|---|---|---|
| **Заштитен појас** | 71.12 | 0.41% |
| **Зона за строга заштита** | 4388.5 | 25.59% |
| **Зона за активно управување** | 8496.5 | 49.54% |
| **Зона за одржливо користење** | 4193.4 | 24.45% |
| ВКУПНО | **17149.5** | **100.00%** |

# II ПРОГРАМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ И АКТИВНОСТИ СОГЛАСНО ПРОГРАМИТЕ / ПОТПРОГРАМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

За реализација и имплементација на годишните потреби, согласно Планот за управување на НП Пелистер според категоријата и целта на заштита на подрачјето, во наредната година потребно е да се спроведат следните програми, односно потпрограми, за управување со Националниот парк Пелистер:

## Програма 1: Зачувување и мониторинг на природното наследство

Програмата за зачувување и мониторинг на природното наследство на НП Пелистер е директно поврзана со визијата за паркот, според која зачуваноста на биолошката рановидност на сите нивоа е со поволен статус и продолжува да претставува главна одлика на паркот. Непреченото одвивање на природните процеси, функции и циклуси во природните екосистеми поддржуваат стабилни и витални популации на засегнатите и особено ендемски и други ретки автохтони видови.

Зачувувањето и мониторингот на природното наследство во Националниот парк Пелистер ќе се реализира преку следните активности распоредени во следните потпрограми:

### Потпрограма 1 Долгорочен мониторинг на видовите, живеалиштата и пределите

#### 1.1.1 Мониторингот на состојбата на живеалиштата и видовите во Националниот парк Пелистер

Како една од основните активности мониторингот на состојбата на живеалиштата и видовите во НП Пелистер ќе се реализира преку:

- Со новиот План за управување во Националниот парк, има услови за поконкретно спроведување на мерките и активностите за мониторинг на состојбата на живеалиштата и видовите како една од основните активности на управувањето со НП Пелистер.

- Конзервациски мерки и акциски план- за Corn Crake (Crex crex). Овој вид се наоѓа на Директива за птици Анекс I (шифра 560); IUCN ERL категорија – LC; Додаток II на Бернската конвенција; Додаток II на Бонската конвенција. Активноста ќе се спроведе преку проектот “**ЗА**

**ПЕЛИСТЕР"** финансиран од МЖСПП.

- Мониторинг на старите моликови шуми во локалитет Пелистер („Бегова Чешма), се спроведува согласно Студијата и среднорочна програма на мерки за ревитализација на старата моликова шума во локалитетот „Бегова Чешма", изработена од Шумарски факултет во 2008 г. ЈУНП Пелистер поднесе апликација и **Иницијатива за користење на финансиска поддршка од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2026 година** до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство за обезбедување финансиска поддршка за спроведување на активности во рамки на заштита, унапредување и одржливо управување со шумските екосистеми од Моликата – Pinus Peuce. Целта на оваа иницијатива е изработка на Студија и Програма за Заштита и Студија и Програма за ревитализација и обновување на моликовите насади (Pinus peuce) на подрачјето на ЈУ Национален парк Пелистер. Потребата од вакви документи произлегува од актуелните состојби во шумските екосистеми, каде е забележано деградирање на одредени површини со молика како резултат на биотски и абиотски фактори.

**Студијата и програмата ќе овозможат:**

- сеопфатна анализа на здравствената состојба на моликовите насади,
- утврдување причини и ризици поврзани со процесите на сушење и ослабување на насадите,
- дефинирање конкретни мерки за санација, заштита и долгорочна ревитализација,
- планирање на приоритети, динамика и потребни ресурси за нивна реализација,
- создавање стручна основа за понатамошно одржливо управување со овој ендемичен и исклучително значаен вид.
- Изработката на овие документи е од суштинско значење за зачувување и унапредување на моликовите насади, кои претставуваат основна природна вредност на Националниот парк Пелистер и важен дел од шумските екосистеми.
- Мониторинг и контрола на американската дуглазија е дел од Програма на мерки за контрола (ограничување и/или искористување) на зелената дуглазија (Pseudotsuga menziensii) изработена од Шумарски факултет во 2008 г. за Националниот парк Пелистер. Овој вид е присутен и редовно се контролира, што ќе се прави и во 2026 година, во оддел 27 од мелиоративна зона „Вртушка".

- **Зелена буксбаумиа – (Buxbaumia viridis)**

Buxbaumia viridis, исто така познат како зелен штит-мов, е редок бриофит кој се наоѓа спорадично низ северната хемисфера.Buxbaumia viridis е епиксиличен вид, што значи дека

живее на дрвени површини. Тоа го фаворизира силно распаднато дрво, обично до точка каде што расипаното дрво е деформирано (старо 30-60 години во зависност од видот и големината). Не расте исклучиво на еден вид дрво, но почесто се среќава на видови четинари како што се Picea abies и Abies alba; може да се најде и на други четинари и листопадни дрвја како што е Fagus sylvatica.

Во Националниот парк Пелистер видот е пронајден во северните падини на планината на надморска височина од 1400- 1600м, на распаднати трупци на Abiesborisii-regis и Pinus peuce. Придружните видови вклучуваат и други епиксилични видови како на пр:. Herzogiellaseligeri, Dicranumtauricum, Lophocoleabidentata,Brachytheciumerythrorrhizonand Hypnum cupressiforme.

Главната закана за Buxbaumia viridis е шумарство и ископувањето, особено голата сеча, кои може драстично да ги уништат живеалишта и да ја сменат микроклимата. Стеблата и трупците во распаѓање може да бидат уништени и при селективна сеча. Премалата количина на соодветно распаднато дрво во комерцијалните шуми и премногу сувата микроклима ги намалува можностите за преживување на овој вид во управуваните шуми.

- **Alchemilla peristerica ( Пелистерски росник )**

Локален македонски флористички ендемит од фам. Rosaceae (розоцветни). Се развива на влажни места, во подножјето на Пелистер (с. Ротино, с. Кажани и с. Цапари).Повеќегодишно растение кое се одликува со 30 до 45см , долго и исправено стебло,се јавува на влажни места на надморска височина до 1600м. Пронајдена е на местото наречено Палиснопје .

- **Gentiana punctata ( Точкестата линцура)**

Забележан гентијан, е најмалку загрижувачки тревни видови на цветни растенија во семејството Gentianaceae. Расте во Централна и Југоисточна Европа на надморска височина од 1.500-22.600 метри. Висина е 20-60 см. мониторинг на Локација Големо езеро.

За Gentiana punctata направен е мониторинг на Локацијата Антена, Ловечка куќа, местото наречено Козји камен и местото наречено Семафори, и местото наречено Орлови бари (вирови).

- **Lilium albanicum ( Албански крин)**

Се среќава на Балканот, и во Р. Северна Македонија, бојата и цветовите може да варираат од жолта,портокалова до црвена на ист локалитет. Во Н.П.П најчесто цветот е со жолта боја. Пронајдена е на локацијата Антена, местото наречено Семафори (мало езеро).

- **Мал потковичар - (*Rhinolophus hipposideros*)**

Вид на мал европски и северноафрикански инсективорјаден лилјак. Како и кај сите лилјаци потковичари, овој вид го добил своето име по неговиот карактеристичен нос во форма на потковица.

Мал потковичар е еден од најмалите лилјаци во светот, кој тежи само 5 до 9 грама, со распон на крилјата од 7,5 – 10 инчи (192–254 mm) и должина на телото од 1,4 – 1,8 инчи (35–45 mm). Има силни стапала кои ги користи за да ги фаќа карпите и гранките и може добро да гледа и покрај малите очи. На 24 јули 2024 година, МЕД во соработка со ренџерската служба на НП Пелистер, спроведоа мониторинг на лилјаци во вештачки засолништа во паркот и неговите погранични области. Беа посетени повеќе напуштени и стари објекти во околината на Брајчино, Љубојно, Долно Дупени и Сливница, како и во напуштеното детско одмаралиште Пелистер.Значаен наод е мајчинската колонија на мал потковичар од околу 40 единки во напуштена плевна над селото Брајчино, што е и прв наод за размножување на овој вид на поширокото подрачје на Пелистер. Дополнително, од ренџерската служба беа проверени и поставените куќарки за лилјаци во паркот.

Мониторинг активностите ќе продолжат и следната година, преку посета на вештачки залоништа, поставување на детектори за лилјаци и евентуално мрежарење на претходно селектирани локации.

- **Еребицата камењарка - (*Alectoris graeca*)**

Семејство на фазаните, редот на кокошковидните . Еребицата камењарка има округол облик, а боите ѝ се слични на боите на камењата. Претежно е сива, со светлокафеав грб, сиви гради и кремава боја на стомакот. Лицето ѝ е бело со црни линии, а на крилјата има коцкести шарки. Нозете ѝ се црвени. Кога ќе се вознемири, таа претопчита да трча повеќе отколку да лета, но ако е неопходно ќе прелета кратко растојание. Има должина до 36 см, а распонот на крилјата може да ѝ достигне до 60 см.

Оваа еребица живее на суви и отворени места, често во ридест предел. Создава мали јата и не е птица преселница. По острите и бучни звуци, како „га-га-га-га-чакара-чакара-чакара", се разликува од сличните на неа птици. Гнездото го прави на земја, едвај постилајќи некое гранче, и несе од 5 до 21 јајце. Се храни со разни семиња и инсекти.

Предложените методи се линиски трансекти и пребројување на определени локации.

- **Црниот клукајдрвец - (*Dryocopus martius*)**

код **1850**; Директива за птици Анекс I; IUCN ERL категорија – најмал ризик - LC; Бернска конвенција, Анекс II. Статус во НП Пелистер: постојан жител, редок во сите типови на шума во НП Пелистер, како во широколисната, така и во иглолисна шума (91BA Шуми од мезиска сребрена ела - Moesian silver fir forests and 95A0 Високи оромедитерански борови шуми - High oro-Mediterranean pine forests). Абундантноста зависи од количината на мртво дрво и стари дрвја. Големина на популација и тренд: непознат. Старите и големи дрвја се поволни за сите клукајдрвци. Тие користат стари и изумрени дрвја како живеалишта на кои наоѓаат храна. Сапроксилните инсекти се главниот извор на храна за голем број на клукајдрвци. Тие, исто така,

се хранат и со мравки и ларви од мравки и кожурци. Клукајдрвците, исто така се грабливци, бидејќи може да се хранат со младите на другите помали видови птици. Во зимскиот период, клукајдрвците се хранат и од мртвите цицачи. Активностите за управување, како реставрација на шумите, треба да оди во насока на зголемување на обемот на мртво дрво. Ваквите активности ќе бидат од корист како за ретките сапроксилни инсекти (од кои некои се анекс-видови од Директивата за живеалишта), така и за клукајдрвците.

Предложените методи се линиски трансекти и пребројување на определени локации.

- **Мечка - (Ursus arctos)**

вид на цицач од Анекс II и IV од Директивата за живеалишта (код **1354**). На европско ниво, кафеавата мечка е застапена со најголема популација на Балканот. Цел на мониторингот на мечката е да се следи начинот на секојдневното активно живеење на единките и нивната линија на движење во заштитеното подрачје, а со тоа овозможување на нејзината заштита и кохабитација во екосистемот. Кафеавите мечки (на латински Ursus arctos) имаат густо крзно со варијации на кремасто, кафеаво и црно. Можат подолго време да стојат на задните нозе. Над рамениците имаат голема грпка составена од мускул по која се разликуваат од останатите видови. Канџите на кафеавата мечка се долги до 15 сантиметри и се користат најмногу за копање. Мажјаците се 38-50% поголеми од женките. Должината изнесува 1,7-2,8 метри, а тежината 90-250 кг. Тие се омнивори и се хранат претежно со растенија, вклучувајќи корења, фиданки, габи, но и риби, инсекти и мали цицачи. Живее во шумски предели, ноќева во дувло и се дружи во заедница. Конзервациски статус Кафеавата мечка на национално ниво е ставена под трајна заштита со забранет лов, согласно Законот за ловство.

Клучни елементи за следење Основни работи што се следат се трагите од предната и задната шепа кај мечката и белезите од телото, оставени во природата, по патеките. Прво се забележува дали трагата е свежа до 24 часа, или постара над 24 часа. Стапалките се гледаат како: големина (должина и широчина) на предна, или задна шепа, мерена без ноктите.

Најдобар начин на следење на животот на Кафеавата мечка е снимање со камери, фото-замки.

На локацијата на Н.П.Пелистер се поставени вкупно 16 камери.

- **Rupicapra rupicapra – (Дива коза)**

Балканската дивокоза – (Rupicapra rupicapra) припаѓа на класата цицачи (Mammalia) во редот на парнокопитари (Artiodactyla). Може да достигне висина до 80 cm, а должина до 130 cm, а некои посилни мажјаци достигнуваат тежина и до 40 kg. Женките во споредба со мажјаците се помали и со помала тежина. Главни предатори се рисот и волкот, а помладите единки можат да бидат нападнати и од орли. Нејзина храна претставуваат тревестите растенија, млади листови од високо планинските грмушки, капини и малини. При процесот на исхрана преживаат. Животниот век им е до 20 години.

Дивокозата е заштитена со Европскиот документ „ Директивата за живеалишта II/IV “.. До 2010 година, сѐуште има годишни записи на балканската дивокоза во Националниот парк Пелистер,

но моменталната популација е мала и има потреба од мониторинг и акционен план со реални конзервациски мерки за одржување и подобрување на популацијата на овој вид. Во летен период може да се забележат расфрлени поединци од постоечкото стадо на балканска дивокоза во околината на Којзи Камен, во алпскиот дел на НП Пелистер. Овој вид е подложен на конкуренција на други копитари, а закана за бројноста на популацијата се и големите месојади.

- **Жолт мукач - (*Bombina variegata*)**

Овој вид живее во привремени бари во различни живеалишта, од шуми, шумски патеки, отворени низини и восорамнини, на крајбрежјето на езерата и реките. Може да се сретне и во умерено урбанизирани места, како бари, прокопи и делови од пат исполнети со вода во селски средини и во нивна околина. Барите во кои се населува жолтиот мукач најчесто не содржат никаква вегетација и конкурентни видови и предатори. Лесното загревање на ваквите мали водни тела помага за брзо размножување и развивање на ларвите. Периодот за нивна репродукција започнува при крајот на пролетта и почетокот на летото, а во земјата трае се до крајот на октомври.

*Bombina variegata* може активно да се пребарува и мониторира. Притоа, треба да се идентификуваат и мапираат потенцијалните водни тела во кои живее мукачот. Видот лесно може да се фати со рака, но практично е и поставување на барски мрежи.

- **Ридска желка - (*Testudo hermanni*)**

Ридската желка населува различни природни живеалишта како што се ливади, отворени дабови шуми и секундарни шуми, онаму каде што воглавно владее медитеранска клима. Тие, исто така може да се сретнат и во урбаните паркови и на работ на урбаните средини. Периодот на активност се протега од средина на март до почеток на октомври. Ридската желка во основа е тревопасно животно, но во недостаток на храна може да се храни и со мрша. Парењето започнува во мај, а завршува во август. Возрасните единки на Ридска желка се лесно забележливи животни, поради тоа најефикасен метод за мониторинг е активното пребарување.

Видот може да се најде на голем број места на Пелистер.

- **Еленче – (*Lucanus cervus*)**

Еленчињата (семејство Lucaniidae) живеат во шумски живеалишта со големи дабови дрвја. Ларвите од овој вид бараат големи стебла со цврста кора.Старите и големи дрвја ја задржуваат влажноста во себе. Видот има доста добра способност за распространување, но подобните дрвја се расфрлани низ околината. Големите дабови дрвја што се во изумирање често се користат како огревно дрво, што ги намалува условите за живот на еленчињата.

Еленчињата релативно брзо се забележуваат во време на репродуктивна сезона. Возрасните претставници од двата пола бараат големи дабови дрвја во изумирање. Мажјаците ги надминуваат женките во борба поради големите мандибули. За време на борбите видливи се мажјаците. Женките се делумно ноктурни и ги привлекува светлина.Основните методи за

инвентаризација се активното пребарување и светлосните мамки поставени во соодветни живеалишта.

- ***Euphydryas aurinia***

Овој вид живее во суви или релативно суви ливади. Многу често живеалиштата се под ризик од прераснување. Во најголем број на случаи, традиционалното сточарство е најдобриот начин за одржување на живеалиштето. Доколу се прави реставрација на живеалиштата за целите на зачувување на видот, можеби ќе биде потребно да се отстрани поголемата вегетација, грмушките и дрвајата. Голем број на популации живеат покрај патиштата. Таквите живеалишта најчесто се држат отворени и поради тоа не се под ризик од прераснување, како што се старите пасишта и ливади со сено.

Мапа на наоѓалишта на *Euphydryasaurinia*. Во голем број на пониски места постојат подобни живеалишта и растенија за прехрана на овој вид. Освен тоа, најниските делови на алпските ливади се потенцијални живеалишта за овој вид.

Основниот метод на инвентаризација и мониторинг е активното пребарување на возрасните единки и колониите на млада ларва.

- **Перистерската пастрмка - (*Salmo peristericus*)**

Риба од фамилијата Salmonidae која живее во Македонија и Грција. Преспанската пастрмка како ендемичен и загрозен вид се наоѓа на списокот на национално заштитени или строго заштитени видови (“Службен весник на Р.С.Македонија” бр.139/2011). Исто така е вклучен во Додаток 3 од Бернската конвенција за зачувување на европскиот жив свет и природните живеалишта (Одлука 82/72/ЕЕЗ на Европскиот комитет) и вклучен во Анекс 2 од Директривата 93/43/ЕЕЗ.

Во Македонија живее во Брајчинска река (која се влева во Преспанско Езеро) и се одликува со мал број темни пеги на телото. Ретко достигнува повеќе од 1 кг.

Пастрмката е детектирана во Брајчинска Река (помеѓу селата Брајчино и Љубојно), во делот на реката по сливот на Станишар, во реката Ржанска и во долните делови на реката Крива Кобила.

- Хабитати (живеалишта) кои се мониторираат во Н.П.Пелистер

- **High oro Mediterranea pine - Високи оромедитерански борови шуми**

се типични за Националниот парк Пелистер. Конзервациската вредност на овој тип живеалиште со македонски бор (Pinus peuce) е многу висока. Строгата заштита на природните состоини и состоините со карактеристики на стара шума од типот на 95А0 во Националниот парк Пелистер се од глобално значење. Голем број на состоини историски биле подложни на шумарство, а неколку состоини се регенерирани во времето на поранешна Југославија и управувани оттогаш. Во субалпскиот дел на ова

живеалиште често се среќава *Gentiana lutea*, васкуларен вид на растение од Директивата за живеалишта, Анекс V.

- **Medio – European upland siliceous scree – Силикатни сипари на средноевропски висорамнини**

Типот на живеалиште 8150 е честа и карактеристична појава за Националниот парк Пелистер. Во овој тип се вклучени сите живеалишта од камени сипари на падините и врвот на планината Баба. Познатите камени реки на Пелистер припаѓаат на овој тип на живеалиште. Камените сипари, како живеалиште се многу важни особено за лишаите и мововите, како и папрати вклучително и ретки видови со бореална и алпска дистрибуција.

- **Oligotrophic to mesotrophic standing waters with vegetation of the Littorelletea uniflorae and/or Isoeto – Nanojuncetea – Олиготрофни до мезотрогни непроточни води со вегетација Littorelletea uniflorae и/ или Isoeto- Nanojuncetea**

Двете водни тела, глацијалните езера, Големо Езеро (3,7 ха) и Мало Езеро (0,66 ха) припаѓааат на овој тип на живеалиште, иако во нив недостасува подводна васкуларна вегетација, односно им недостасуваат сите поголеми растенија во водното тело, така што производството на езерскиот екосистем се базира на алгите. Во овој тип на живеалиште на НП Пелистер не се забележани видови од Директивата за живеалишта и други значајни видови, освен некои ендемични ракови (*Niphargus pancici subsp. Pancici* во Големо Езеро*)*. Освен *Niphargus*, во овој тип на живеалиште во НП Пелистер забележан е и друг ендемичен вид – сплесканиот црв - *Rhynchelmis komareki subsp. komareki* и други ретки видови на безрбетници како *Chirocephalus diaphanus*, *Arctodiaptomus neithammeri* и *Artcodiaptomus osmanus* (Avramoski 2006a).

- **Moesian beech forests – Мезиски букови шуми**

  Се веројатно најчестиот тип на шуми во Националниот парк Пелистер. Постојат некои расфрлани и фрагментирани состоини од стари дрвја и големи распаднати трупови, кои имаат карактерисктики на природни шуми. Овие состоини имаат многу висока конзервациска вредност. Сепак, најголемиот дел од буковите шуми во Националниот парк се управуваат со одгледувачки мерки.

- **Alluvial forests with Alnusglutinosa and Fraxinus excelsior ( Alno – Padion, Alnionincanae, Salicionalbae) – Алувијални шуми со Alnus glutinosa и Fraxinus excelsior (Alno-Padion, Alnionincanae, Salicionalbae)**

Овој приоритетен тип на живеалиште е присутен од место на место на падините и долниот дел на НП Пелистер. На падините обично се формираат коридори и ленти долж изворите и потоците. Покрај некои извори формира мала шума. Овој тип на живеалиште е важен за водоземците, вклучувајќи ги и Rana dalmatina и R. graeca.

Потпрограми и нивни посебни цели како основа за спроведување на активности за управување со НП "Пелистер"

| Потпрограма | Посебни цели |
|---|---|
| Долгорочен мониторинг на видовите, живеалиштата и пределите | ✓ Следење на популациите на одредени,избрани, видови и групи на видови за да се утврдат процесите и законите кои влијаат на трендовите на популациите;<br>✓ Следење на состојбата со пределите и идентификување на процесите и законите кои влијаат врз пределите; |
| Управување со живеалишта и предели | ✓ Ревитализација на засегнатите типови на живеалишта;<br>✓ Подобрување на статусот и вредноста на живеалиштата;<br>✓ Одржување на состојбата на приоритетните живеалишта;<br>✓ Унапредување на состојбата на живеалиштата;<br>✓ Намалување на комерцијалниот притисок врз природните вредности на НП;<br>✓ Зачувување и унапредување на пределите со посебна вредност за НП "Пелистер". |
| Подобрување на состојбата на видовите | ✓ Подобрување на состојбата на засегнатите видови;<br>✓ Враќање (реинтродукција) на клучни,закрилни,знаменити и засегнати видови<br>✓ Обезбедување заштита и поволна состојба на зачуваност на значајните видови во Паркот. |
| Следење на состојбата со распростарнувањето на | ✓ Проценка на присуството на Pseudotsuga menziesii ,Pinus strobus, Larix decidua и |

| | | |
|---|---|---|
| инвазивните видови и преземање мерки за нивно отстранување | | други инвазивни и алхтони дрвни видови и нивно распространување во НП Пелистер, како и одредување на нивното влијание врз автохтоните дрвни видови |

Планот за управување на Националниот парк Пелистер 2021-2023

Проектот "Мониторинг и конзервација на клучните видови во Националниот Парк Пелистер" – PONT

Twining – Natura 2000

## 1.1.2. Идентификување на процесите и заканите кои влијаат врз пределите со физичка заштита

Контрола и спречување на бесправните дејствија ќе се спроведуваат и во текот на 2026 година. Активностите ќе бидат спроведени од страна на чуварите на паркот. Распоредот на теренските активности се подготвува редовно и содржи контрола на бесправни градби, бесправна сеча, криволов, бесправна експлатација итн.

За оваа намена чуварската служба е опремена со основните материјални и технички средства неопходни за извршување на задачите, но во текот на наредната година потребно е обновување на возниот парк, опремата, униформите, и на дел од ХТЗ опремата. Набавката на ХТЗ опрема за постојаните и сезонските работници во Националниот Парк ќе се изврши според проценката на ризик, споредена согласно работата на секој вработен.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста се спроведува од страна на вработените ЈУНП Пелистер, ангажирани 7 чувари (плати, гориво, опрема). Потребните средства за опрема се наведени во ставката набавка на опрема во финансискиот дел на оваа програма.

## Потпрограма 2: Управување со живеалишта и предели

### 1.2.1 Заштита на состојбата на живеалиштата кои се под закана од пожари

Согласно Законот за пожарникарство (Службен весник на РМ 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16), ЈУ НП Пелистер е во завршна фаза на изработка на 10 годишна Програма за заштита на ЈУНП „Пелистер" од пожари со важност (2026-2035), која ќе биде приложена откако ќе биде завршена/направена. Активностите за заштита од пожари се прецизирани со Оперативениот

годишен план за заштита од пожари за 2026 год.

Тековните активности на Управата за контрола на пожарите во Паркот поради финансиски ограничувања, се карактеризираат со недоволната техничка опременост во однос на големината и карактерот на теренот, но се прават исклучителни напори да се надминат недостатоците и проблемите, при што, соработката со локалното население во контролата на пожарите. Соработката е на завидно ниво и е од исклучителна важност. Затоа во текот на 2026 година се планира доопремување со техничка опрема за заштита од пожари.

Со цел за поефикасно и побрзо да се реагира за гаснење на шумски пожар како и секоја година - предвидена е обука за гаснење на пожар на постојани и сезонски работници, 10 лица, кои што обуки ЈУ НП Пелистер ги реализира во соработка со Територијалната противпожарна единица Битола (ТППЕ Битола) и Дирекција за заштита и спасување.

ЈУ НП Пелистер активно учествува во имплементирањето на Проектот за воспоставување на интегриран систем за превенција и рано предупредување за шумски пожари во РСМ, како еден од корисниците на интегрираниот ГИС систем со соодветна база на податоци, која ќе биде надополнувана и дооформена во 2026 година.

ЈУНП Пелистер преку проектот ИПА **ПРЕВЕН-Т** кој се однесува на рано откривање и детектирање на пожарите, активно ќе ја користи опремата и ке прави одржување на истата а тоа се: две камери за следење на шумска површина и детекција на шумски пожари-напојување со соларна енергија. Сервер и екстерен диск компатибилен со серверот и пет (5) хидрометеоролошки станици.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста се спроведува од страна на вработените и дополнително ангажирани 35 лица х 4 месеци (плати, дневници, гориво, опрема).

## 1.2.2 Утврдување на процесите и заканите кои влијаат на трендовите на популациите

ЈУ НП Пелистер има законска обврска континуирано, а исто така и во 2026 година, да ја следи здравствената состојба на шумите во локалитет ,,Пелистер,, ,,Брајчино,, и ,,Вртешка,, и по потреба да превзема превентивни мерки за санирање на просторот.

Следењето на загрозеноста и општата здравствена состојба на шумите и шумското земјиште во Паркот вклучува:

- Извршување на редовен здравствен преглен во соработка со Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектира и екоинжинеринг Ханс Ем – Скопје.
- ЈУ НП Пелистер ќе се вклучи во авионско третирање на болести, ако има такво третирање, за појавен боров четник кај белиот и црниот бор, а во дабовите шуми жолтомешката. Оваа активност се реализира во соработка со Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектира и екоинжинеринг Ханс Ем – Скопје. (експерти по

шумарство) кои се главни организатори за авионски третирања.

- теренски обиколки, дефинирање и спроведување на мерките за заштита и зачувување на подрачјето под строга заштита.
- следење на штетните видови на инсекти.
- воспоставување на хигиена во шумите и остранување на други отпадоци и материјал, кој претставува опасност за размножување на штетници.

Наведените активности воедно претаствуваат и мерки за спроведување на целокупната заштита на Паркот. Доколку се појават вакви индикации, ќе се спроведуваат фитосанитарни мерки предвидени со законската регулатива, кои претставуваат законска обврска за заштитата на шумите.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста се спроведува од страна на вработените ЈУ НП Пелистер, ангажирани 25 лица (плати, гориво, опрема).

## Потпрограма 3: Подобрување на состојбата на видовите

### 1.3.1 Управување со видовите во НП Пелистер

Заштитата, одгледувањето и пред сѐ управувањето со дивечот во НП Пелистер се регулирани согласно годишната Програма за заштита, одгледување и пред сѐ управување со дивечот во Националниот парк Пелистер за 2025/2026 год. Со оваа програма акцент е ставен врз видовите за кои со определени заштитни и одгледувачки мерки за подобрување на густината, половата и возрасната структура, а со тоа и квалитетот и виталноста на популацијата на дивечот. Врз основа на препорачаните мерки ќе се утврдат и потребните интервенции, со цел да се задоволат животните потреби на одделни видови, ќе се проценат можностите и ќе се определат формите на користење во текот на целата година:

- Доволно количество на храна (со мелиорација на пасишта и ливади, обработка на ниви за дивечот, садење на плодоносни видови дрвја и грмушки, или набавка на потребни количини на сочна и зрнеста храна).
- Потребен број на солишта и сол за преживарите.
- Изградба на хранилишта и поилишта.
- Формирање на засолништа за дивечот.

Со Годишната програма за заштита на дивечот 2025/2026 се утврдуваат приоритетните мерки и активности предвидени во тековната година, а се однесуваат на заштитата, одгледувањето и управувањето со дивечот, со цел да се подобрат условите за неговиот траен опстанок и развој. Истите ќе се применуваат само во Зоната за активно управување и Зоната за одржливо користење, врз основа на претходно добиена дозвола од Министерот кој раководи со органите

надлежни за вршење на работите од областа на ловството, но и Министерот кој раководи со органите надлежни за вршење на работите од областа на заштитата на природата. Во Зоната за строга заштита не се предвидени никакви активности во интерес на задржувањето на изворните и неизменетите карактеристики на екосистемите.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 6 лица (сол, минерали, зрнеста храна, семе, опрема, плати, гориво).

## Потпрограма 4: Следење на состојбата со распространувањето на инвазивните видови и преземање мерки за нивно отстранување

### 1.4.1 Спроведување на активности согласно препораките од студијата за контрола на американската дуглазија и согласно Планот за управување со НП Пелистер

Со одлука на управен одбор ќе се изврши ревидирање на Програмата на мерки за контрола (ограничување или искоренување) на зелената дуглазија (Pseudotsuga menzienzii) во Националниот парк Пелистер изработена од Шумарски факултет - Скопје во 2008 година има за цел спроведување на мерки за контрола на зелената дуглазија врз база на научна и стручна анализа на можностите за враќање на првобитната автохтона вегетација во НП Пелистер. При тоа непосредни цели се увид во состојбата на присутвото на зелената дуглазија и другите дрвенести автохтони видови и нивното распространување во Националниот парк Пелистер, како и утврдување на влијанието на зелената дуглазија врз другите дрвенести автохтони видови. Врз основа на препораките во оваа Програма, постои потреба од целосно отстранување на стеблата од **бор стробус**. Отстранувањето е неопходно бидејќи борот стробус е петто-игличест алохтон вид и е во ист род со моликата, така што може да се случи вкрстување, со што би се создале услови за загрозување на генофондот на моликата. Со цел утврдување на методологијата и динамиката за реализација на оваа активност стручните лица на ЈУ НП Пелистер ќе побараат дополнителна согласност врз основа на претходно добиено стручно мислење од соодветна научна установа како и мислење од МЖСПП надлежно за вршење надзор врз управувањето со националниот парк.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 8 лица (опрема, плати, гориво.)

## 1.5 Потпрограма 5: Долгорочен мониторинг и заштита на геонаследството

*Зачувување на значајните елементи од физичката средина (геолошки, геоморфолошки, хидролошки карактеристики)*

### 1.5.1 Заштита на геолошкото и геоморфолошкото наследство

Оваа потпрограма се фокусира пред се на камените реки кои претставуваат реткост на Балканот. Површината на камените реки во Паркот постепено се намалува поради ширењето на моликовите шуми. Долгогодишните набљудувања на стручните лица во Паркот укажуваат на тоа дека возрасните моликови стебла кои растат на камените реки побрзо и почесто се сушат во споредба со оние кои растат на локалните простори со добро развиена почва. Ваквата појава посочува на можна реверзибилност на процесот на сукцесија на моликата на подолг рок. Сепак, ваквите хипотези треба да се потврдат со подолгорочни и систематски набљудувања поради што се спроведува мониториг на моликовите шуми. Во текот на 2026 год ќе се направи анализа во соработка со стручни лица од МЖСПП и Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектира и екоинжинеринг Ханс Ем – Скопје ќе се утврдат конкретни активности кои ќе се преземат во 2026 год.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 5 лица (опрема, плати, гориво).

### 1.5.2 Зачувување на хидролошките карактеристики

Зачувување на хидролошките карактеристики на реките и посебно на Големото и Малото езеро на Пелистер се реализира со постојан мониторинг на постетителите кои претставуваат евентуални потенцијални загрозувачи но и со постојана контрола на квалитетот на вкупните води во Националниот парк Пелистер, како и на состојбата со зачувување на биолошкиот минимум на оние реки на кои се изградени мали хидроцентрали.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 5 лица (опрема, плати, гориво).

### 1.5.3. Зачувување на значајните пределски или пејсажни вредности

Зачувувањето и унапредувањето на пејсажните вредности на Паркот се темелат на следните мерки и услови:

- Спроведување на сите обврски од законските прописи кои се однесуваат на оваа област
- Заштита на посебните природни и културно - историски вредности како приоритетни барање во користењето и намената на површините
- Водење на сметка за влијанието на природните вредности на Паркот при изградба на нови рекративни содржини
- Изработка на типични ознаки, табли, еколошки паноа и сл. кои се поставуваат на на фрекфентните и посебно утврдени локации низ Паркот
- Уредување и заштита на приоритетните локации и атракции во паркот
- Санирање на шумските патишта, отстранување на разен отпаден материјал и воспоставување на хигиена во шумата

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 5 лица (опрема, плати, гориво).

## 2. ПРОГРАМА 2: Одржливо користење на природните ресурси

### Потпрограма 1: Одржливо користење на дивите видови (растенија и габи) кои се собираат за комерцијални цели

Оваа Потпрограма го регулира собирањето на другите шумски производи врз основа на правилата на одржливо искористување и со примена на научни сознанија. Во рамките на оваа програма во изминатите години се реализираа повеќе активности за воспоставување на систем на дозволи/договори за одржливо собирање на боровинките во Национален парк Пелистер, кои ќе продолжат и во текот на 2026 година. Како дополнување на овие активности ќе се извршува мапирање на територијата на која се наоѓа боровинката и другите шумски производи и се прави проценка на количините за одржливо собирање. Проценетите просечни количини кои ќе се соберат во 2026 се следни: елово семе 100 кг, моликово семе 100 кг, боровинки 100.000 кг.

Собирањето на моликовото и еловото семе ќе го вршат искусни работници од потпелистерските села.

Во рамките на годишната програма за работа, ЈУНП „Пелистер“ планира да реализира анкета со собирачите на шумски плодови кои се активни на територијата на националниот парк. Целта на оваа анкета е:

- Да се добијат релевантни податоци за видовите, количините и локациите на собирање на шумски плодови.
- Да се идентификуваат практиките и потенцијалните предизвици со кои се соочуваат собирачите.
- Да се обезбеди основа за изготвување на поефикасни стратегии за управување со природните ресурси и одржливо користење на шумските плодови

Во согласност со законските регулативи, издавањето на дозволи за собирање на шумски плодови го врши Министерството за животна средина и просторно планирање. ЈУНП „Пелистер“ ќе соработува со Министерството за да обезбеди ефикасен процес на информирање и водење на собирачите, согласно важечките правила и процедури.

Оваа активност има за цел да придонесе за зачувување на биодиверзитетот, одржливо управување со ресурсите и унапредување на соработката со локалното население.

*Одговорно тело за спроведување:* Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум на ЈУНП Пелистер во соработка со овластено сертификационо тело, 5 редовни вработени и 10 лица дополнително ангажирани контролори за време на бербата на боровинките (трошок за собирање на семе, трошок за сертификација, опрема, плати, гориво).

## 3.ПРОГРАМА 3: Управување со шумски живеалишта и екосистеми

***Програмата ќе води кон подобро управување со шумските подрачја. Управувањето со шумите треба да се заснова на екосистемски пристап и приспособување на шумски практики во согласност со еколошките процеси и модели.***

### 3.2 Потпрограма 2 Идентификација и заштита на дрвја, значајни за биолошката разновидност и мртва шумска дрвесина во шумите од НП Пелистер

#### 3.2.1 Дореализација на изработката на арборетум

Арборетумот е дизајниран како шумски парк кој ќе претставува место за пријатна прошетка и учење со трасирани патеки низ родовите на шумски заедници, обележани со плочки со латински и народни имиња.

Проектната задача за изработка на теренот е изведна на простор од 2,5 ха околу Информативниот Центар – арборетум со видови застапени во Националниот парк Пелистер. Се работи за подигање на своевидна ботаничка градина во која се одгледуваат дрвја и други растителни видови, кои распоредени воглавно по родови.

Во текот на 2026 година ќе се дореализираат следните активности:

- Дооформување на посебните месторастежни услови за соодветните видови кои се внесуваат во арборетумот (според еколошката валенција), поставување на таблички за истите и засадување на нови садници на местото на оние кои не се прифатени и дооформување со други автохтони видови.
- Богатиот и разновиден шумскиот екоситем на Пелистер, ќе се рефлектира во Арборетумот на дрвенасти видови.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста се спроведува од страна изведувач ангажиран со соодветен тендер од страна на УНДП, вработени ЈУ НП Пелистер

# Потпрограма 5: Пошумување на необновени сечишта, отворени терени, после природни или антропогени катастрофи и несреќи, терени со ерозија и ревитализација на деградирани шумски состоини

### 3.5.1 Зачувување на шумските екосистеми со пошумување согласно препораките од студијата за ревитализација на старите моликови шуми околу Бегова Чешма

Врз основа на препораките од Студијата и среднорочната програма на мерки за ревитализација на старите моликови шуми во локалитетот Бегова Чешма во Националниот парк Пелистер изработена од Шумарски факултет од Скопје во 2008 г. во текот на изминатите години, континуирано се одвиваат активности за обнова на старите моликови шуми на 2 површини, од кои една кај место викано – Ластојчин камен (локалитет ,,Бегова чешма”) и втората површина над Детското одмаралиште, исто така (локалитет ,,Бегова чешма”). Во 2026 година се планира да се продолжи редовно одржување на веќе постоечките површини и во 2026 година се планира да се изработи Програма за ревитализација на старата моликова шума каде би се возобновиле површините кои оштетени од снегоизвалите, ветроизвалите и други природни фактори кои се случија во текот на месец ноември и декември 2024 година.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста се спроведува од страна на вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 15 лица (плати, материјал, гориво).

### 3.5.2 Зачувување на шумските екосистеми со потсејување

Оваа активност се однесува на одржувањето на шумите, нега и заштита на екосистемите од растителни болести, штетници, заштита од пожари и сл. Со пошумувањето и потсејувањето, како важни мерки во зачувувањето на шумските екосистеми се пополнуваат загрозените состојби со автохтони видови, се санираат и обновуваат заболените шумски култури и се санира деградираното шумско земјиште. Во наредната година планирани се одредени количини на семе и средства со што ќе се финансираат мерките во домен на одгледување и заштита на шумите.

Во текот на 2026 година во ЈУ НП Пелистер се предвидува да се изврши потсејување во локалитет **„Пелистер"** со моликово семе во следниве оддели: 32 пододдел б.

Одговорно тело за спроведување: Активноста се спроведува од страна на вработените ЈУ НП Пелистер, ангажирани 15 лица (плати, гориво, материјал).

### 3.5.3 Мелиоративно-одгледувачки мерки за подобрување и ревитализација на шумски екосистеми

Согласно со План за управување на Националниот Парк Пелистер 2021-2030, Планови за одгледување и заштита со шумите: „Пелистер" 2025-2034; и “Вртушка” период 2020-2029, и “Брајчино” период 2021-2030 и Оперативниот план за првиот петгодишен период (од 2020-2026

год.) кој е во согласност со правилникот со содржината во плановите за управување на заштитените подрачја за заштита, според Програма 3 - Програма за управување со шумски живеалишта и екосиситеми, Потпрограма-Пошумување на необновени сечишта, отворени терени, после природни или антропогени катастрофи и несреќи, терени со ерозија и ревитализација на деградирани шумски состоини, од оперативниот план во шумите на Паркот во текот на 2026 год. ќе се превземат следните активности и заштитни мерки за заштита на шумите и шумското земјиште:

- Мелиоративни и одгледувачки активности,
- Селективни прореди за ревитализација на деградирани насади,
- Отварање на шумите и одржување на постоечките патишта .

Покрај овие активности исто така ке се има во предвид и оставање на доволна количина на мртвата дрвесина во сите шумски екосистеми, заштита на старите и големи дрвја, заштита на дрвја од семено потекло таканаречени семењаци, заради продукција на добар генофонд, заштита на хабитатни дрвја, да се зголеми количеството мртва биомаса, отстранување на алохтони шумски видови, активно управување со моликовите шуми според оперативниот план (отстранување на густи состоини со ела и други сенкољубиви видови,заштита на подмладни јадра и подобрување на структурата на едновозрасни млади состоини,.

Да не се попречува процесот на природна регенерација после предвидените одгледувачки активности , да не се вршат никакви активности во заедниците со евла, да нема никака интервенција на дрвја во близина на реки и потоци и по потреба да се врши нивна реставрација.

Со овие мелиоративни и одгледувачки мерки се обезбедува заштита и унапредување на постоечките шумски екосистеми. Оваа активност има за цел на деградираните шумски екоситеми да им се овозможи непречен развој и преод во повисок облик. Ќе се изврши евидентирање и обележување на стеблата кои треба да се отстранат заради лошите физиолошки предиспозиции, а кои негативно влијаат врз околните стебла и помладокот, кои им пречат на другите функции на шумските комплекси.

Со селективни прореди ќе се остават стебла кои се најквалитетни и кои ќе бидат носители на квалитетната дрвна маса и прираст и добар генофонд од автохтони видови, а ќе се отстранат стебла суви, трули, со скршен врв, заболени, со широки круни, со предвиден интензитет, стебла кој го попрчуваат нормалниот растеж и развиток на виталните и перспективни дрвја. Предвидените мелиоративни одгледувачки мерки ќе бидат спроведени во локалитетот „Пелистер" на живеалишта од бука и молика, локалитетот “Вртушка” на живеалишта од даб, бука и б.бор, и локалитет “Брајчино” на живеалишта од бука и ела.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 15 лица.

### 3.5.3.1 Отварање на шумите и одржување на патишта

#### 3.5.3.1.1 Одржувањето на шумските патишта во Националниот парк Пелистер

Одржувањето на шумските патишта во Националниот парк Пелистер преставува важна мерка која е потребна за тековното работење спроведувањето на потребните активности и управување со Паркот. Ќе се спроведува во сите три локалитети:,,Пелистер, Вртушка, и Брајчино„согласно со Планот за управување на НП Пелистер 2021-2030 год. континуирано со интервенции на локациите каде што ќе има потреба од истите. Во овај контекст ЈУНП Пелистер, ќе ги превзема сите активности кои се потребни за патиштата кои се во границите на паркот, за кои е таа надлежна и патиштата кои се на границите на паркот или во непосредна близина (Брајчино), а се користат за активностите на истата.

*Одговорно тело за спроведување:* Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум на ЈУНП Пелистер во соработка со овластено градежна компанија (градежни работи, материјал опрема, плати, гориво).

#### 3.5.3.1.2. Изградба на шумски патишта во Националниот парк Пелистер

Отвореноста на шумата во локалитетот „Пелистер“ е мала, потребно е зголемување на патната мрежа за подобрување на можностите за извршување на мелиоративно-одгледувачките мерки, мониторинг, мерките за ревитализација и реставрација на шумските екосистеми, мерки и следење на состојбата со шумските еко-системи, како и за брза интервенција при евентуални шумски пожари. За потребата на оваа специфична активност направена е стручна анализа на состојбата, извршен теренски увид на локацијата и дозволените активности во зоните,според новото зонирање дефинирано со Планот за управување со ЈУНП Пелистер при што е утврдено дека истите се наоѓаат во зоната за активно управување. Реализирањето на оваа активност ќе се спроведува според развојните документи и соодветните правила и прописи, со цел негативните влијанија како и деградацијата на просторот да се сведат на минимум.

Во целост ќе се почитува Планот за управување на ЈУНП Пелистер од 2021 до 2030 год. и Оперативниот план за петгодишен период од 2020 до 2026 год., (Програма 3 управување со шумски живеалишта и екосистеми) .

Во согласност со Планот за одгледување и заштита на шумите - локалитет Пелистер 2025-2034, во текот на 2026 година во НП Пелистер, планирана е изградба на еден нов шумски пат во локалитет “Пелистер” и санирање на постоечки шумски пат во локалитет “Брајчино” и “Вртушка”

- Трасирање на нов шумски пат, во должина од 800 метри, во локалитет "Пелистер” – во оддели 69 пододдел а и оддел 70 пододдел а.

Отварањето на новиот шумски пат, кој претставува продолжување на веќе постоечки шумски пат, ке се изврши со цел мониторинг на флора и фауна, заштита од пожари и извршување на одгледувачки мерки како: отстранување на суви, трули, заболени и стебла со скршен врв.

Исто така од висок интерес е за заштита во зоната на активно управување, за поголеми управувачки интервенции, со цел реставрација, ревитализација и рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи на пределот.

*Одговорно тело за спроведување:* Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум на ЈУНП Пелистер во соработка со овластена градежна компанија (градежни работи, материјал опрема, плати, гориво).

### 3.5.4 Одржливо користење на шумите во приватна сопственост

ЈУ НП Пелистер, врз основа на член 92 од Законот за шумите („Сл.весник на РМ„ бр 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13,43/13, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 07/16 и 39/16), има право на администрирање (одгледување, заштита и користење) со шумите во приватна сопственост.

Во тој контекст Управата на Паркот за сопствениците на парцелите, шумите кои се наоѓаат во приватна сопственост на територијата на Националниот парк Пелистер (потпелистерските села Трново, Магарево, Дихово, Ротино, Цапари, Маловиште, Ѓавато, Братиндол, Долна Бела Црква, Горна Бела Црква, Козјак, Кажани, Нижополе, Грнчари, Љубојно, Брајчино), обезбедува одредени усулуги. Услугите се однесуваат на сечење на огревно дрво (маркирање, издавање на документи – испратница за превоз на посеченото огревно дрво и сл.). Кај приватните сечи, претежно станува збор за огревно дрво, бидејќи во мал процент од парцелите-шуми во приватна сопственост има потреба за сеча на техничка маса.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 8 лица (опрема, плати, гориво).

## 4. ПРОГРАМА 4: Управување со културно наследство

Културното наследство на Националниот парк Пелистер е разновидно од археолошки локалитети, рурална архитектура, цркви, манастири, духовна култура. Во близина минувал античкиот пат Via Ignatia со многу попатни станици, линијата на Македонскиот фронт од Првата Светска војна и тука било и средновековното јадрото на средновековното Македонско царство на Самуил.

Програмата за управување на културнотото наследство пред сé се однесува на заштита на селото Маловишта, кое се смета за автентично наследство на влашката култура, со уникатната просторна структура, со видливо издвоени маала, тесни улици, убавото природно опкружување и разновидноста на куќите.

Управата за заштита на културното наследство во текот на 2020 година донесе Решение со кое Руралната споменичка целина Маловишта се прогласува за значајно културно наследство. И поради тоа, но како и досега, НП Пелистер и во 2026г., но и во наредните години ќе настојува да се зачува традиционалниот изглед на селото Маловишта. За исполнување на оваа цел Управата

на Паркот се залага кај надлежните органи да се донесе “Детален урбанистички план за село Маловишта“.

Со оглед на тоа дека автентичната архитектура на селото Маловишта претставува специфично културно наследство, сите активности и во 2026 година ќе се извршуваат во консултации, соработка и стручна подршка од страна на НУ Музеј и Завод Битола и со Министерството за култура – Управа за културно наследство, како стручен и надлежен орган за вршење на работите од областа на културното наследство. При тоа ќе се инсистира на почитување на традиционалните форми и градежни материјали при изградаба на нови или реконструкција на стари објекти.

За промовирање на културното наследство ЈУ НП Пелистер ќе организира истражување и собирање на стари фотографии и информации низ литертурата од кои може да се добие увид во традиционалниот живот на населението во потпелистерските села, со кои ќе се организираат изложби на фотографии.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на ЈУ НП Пелистер, ангажирани 2 лица (опрема, плати, гориво).

## 5. ПРОГРАМА 5: Развој на одржлив туризам и рекреација

Националниот парк Пелистер поседува значајни природни и културни вредности, кои претставуваат солидна основа за развој на еколошки одржлив туризам.
Програмата е усогласена со: Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план, Национална стратегија за природа, Национална стратегија за туризам, Просторен план на Република Северна Македонија, Просторен План за НП Пелситер, Закон за заштита на природа.

### Потпрограма 1: Валоризирање на туристичките простории за развој на одржлив туризам во НП Пелистер и блиската околина

### 5.1.1 Инфромативен центар во НП Пелистер

Информативниот Центар (ИЦ) на НП Пелистер, покрај промоцијата на природните и културни богатства има и едукативна функција, обезбедува промотивни и еукативни материјали, кои се достапни на сите категории на посетители, при што го подобрува квалитетот на посетата во Паркот. Во 2026 година ќе продолжи надоградувањето и надополнувањето на ИЦ со нови содржини и елементи, и тоа:

- Преуредување на изложбена поставка со нови пософистицирани елементи, фотографии со ендемските и карактеристичните видови на флора и фауна, која поставка ќе може да се вклопи во симултаното преведување на содржините на повеќе јазици, наменети за посетителите.

- Организирање на фото изложби со мотиви од НП Пелистер
- Дополнување на постоечката поставка на препарирани животни
- Осмислување на интерактивни дигитални презентации на природните и културните вредности на Паркот
- Изработка на мобилни апликации за НП Пелистер достапни со интернет
- Инсталирање на посебен софтвер со преведени содржини на странски јазици, за да можат да се селектираат и јазикот и содржините според желбата на посетителите
- Организирање на семинари и тематски работилници
- Користење на просторот за активностите на реализација на Проекти на НП пелистер или други субјекти
- Организирање на најмалку два настани во делот на промоција и развој на Туризмот на Пелистер и поширокиот регион

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и вработените во Инфроматвиниот центар на Националниот Парк Пелистер, ангажирани 2 лица (опрема, материјал, услуги, плати, материјални трошоци, набавка на стоки за продажба).

## Потпрограма 2: Развој на услуги за туристите

### 5.2.1 Организрање на водичка служба

Организирањето на водичката служба како потреба произлезе од барањата пред сé на странските посетители. Со оглед на тоа дека не се работи за обични водичи туку обучени лиценцирани планински водичи со посебни познавања и способности.

Со оглед на неможноста од редовите на постојниот персонал да биде подобрена оваа функција, ќе бидат склучени договори за ангажман на овластени и лиценцирани водичи при посетата на организирани групи, кои од НП Пелистер ќе побараат, или од наша страна ќе им биде понудена таква услуга.

Во рамките на оваа активност ќе биде изработена програма во која ќе бидат понудени повеќе можности за туристички тури и обиколки, групирани по тежина, времетраење, индивидуални и групни, базирана на евидентираните и означени патеки во НП Пелистер.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и вработените во Инфроматвиниот центар на НП Пелистер, ангажирани 2 лица (плата, гориво).

## Потпрограма 5: Валоризирање на туристичките простории за развој на одржлив туризам во НП Пелистер и блиската околина

### 5.5.1. Промоција на Паркот како туристичка дестинација на Балканот

Целта на оваа Потпрограма е континуирано и квалитетно промовирање на НП Пелистер на

националниот и меѓународниот пазар како туристичка дестинација, преку учество на саеми и конференции, доколку за тоа има финансиски можности, со подготовка на нови или збогатени пропагандни материјали, преку печатени и електронски медиуми, како и соработка со туроператори и туристички агенции за вклучување на НП Пелистер во нивните туристички понуди.

Промоцијата на НП Пелистер преку електронските медиуми, првенствено преку социјалните мрежи, како најактуелен и воедно најдостапен начин на промоција и презентација, и во 2026 година интезнивно ќе се користи и тоа преку официјаната веб страница, фејсбук профилот, youtube каналот како и страната на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во РНМ.

ПР промоција: Изработка на 2 видеа (промоција на конзервациски мерки за вид Corn Crake (Crex crex- Прдавец) и туристичка понуда за адреналински парк), Флаер (Биодиверзитет НПП/Corn Crake (Crex crex), Авантуристички парк), гпс мапи за патеки и објекти во НПП. Промоција на биодиверзитетот и адреналинските можности кои се промовираат во НПП. Активноста ќе се реализира преку проектот **ЗА ПЕЛИСТЕР**, финансиран од МЖСПП.

За подобра промоција на вредностите на Паркот потребно е во 2026 година да се испечатат нови промотивни материјали на англиски, македонкси и албански јазик, кои ќе бидат дистрибуирани до Агенцијата за промоција и подршка на туризмот на РМ како и до туристичките агенции низ државата, и ќе се направат дополнителни активности за воспоставување соработка со истите, за вклучување на НП Пелистер и Информативниот центар во нивните туристички понуди.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на Инфромативниот центар, ангажирани 3 лица (патни трошоци и трошоци за саем, печатење на пропагадни материјали).

## 5.2 Потпрограма 2 Развој на туристичка инфраструктура во НП Пелистер

### 5.2.1 Одржување и изработка на туристичка инфраструктура и попратни содржини

Како и секоја година така и во текот на 2026 ќе се оджува постојната и ќе биде поставена и дополнителна инфраструктура во Паркот и тоа преку:

- Адреналинските активности во Националниот парк Пелистер се збогатени со ЗИП линија на локација Голема Ливада. Активностите кои треба да се спроведат со Проектот ЗА ПЕЛИСТЕР е изградба на објекти и уредување на локации. Со таа цел ќе се овозможи целосна понуда на посетителите и можност за користење на екосистемски услуги (наплата на влезници) од туризам. **Активноста ќе се реализира преку проектот ЗА ПЕЛИСТЕР, финансиран од МЖСПП.**

- Изградба на мали придружни објекти во рамките на Адреналинскиот парк (локации: ЗИП линија и Инфоцентар)

- Објект (куќарка дрвена) за опрема

- Опрема за куќарка за наплата на влезници и сувенири за зип линија (дограма, маса, столици, внатрешна изолација),
- Настрешници (2),
- Клупи и маси (12),
- нова патека должина 1 км-локација: ЗИП линија-Голема ливада,
- уредување на пат и паркинг, локација рекреативниот дел на Голема ливада и
- уредување и ревитализација на велосипедска патека од с.Брајчино – Големо Ливада 30 километри

- Изработка на потребната урбанистичка документација за Урбанистички план вон населено место за локалитетите КП 245/1, Голема Ливада - 5,3 ха и КП 22, Маловиште – 1,23 ха, која треба да биде остварена во 2026 г. со обезбедување градежна дозвола за развој на нови форми на сместување и рекреација за тие две локации. Потребно е да се изврши пренамена на земјиштето, со цел да се можи да се оствари аплицирање на идни отворени повици од фондации или јавно приватно партнерство.
- Андреналинскиот парк (проект преку IPA-CBC) адреналинска патека за деца и возрасни околу Информативниот центар и zip-line адреналинска патека-лизгалка и ферата ќе бидат во комплетна употреба во 2026 година.
- Арборетумот финансиран од ЕУ, кои средства ги обезбеди МЖСПП. Посадени се предвидените садници пренесени од други простори на НП Пелистер и ке се оддржува во текот на 2026 година.
- Оддржување на пешачките и велосипедски патеки ќе се спроведуваат и во 2026 година. Активностите ќе се спроведуваат на следните патеки: Патеката по Камењарот, да се доопреми со фото-паноа Историската патека патека, довршување на активностите на велосипедската патека Инфоцентар – Големо Езеро – Брајчино, посебно на брајчинската страна.
- Училници на Детската патека и локација Ластојчин камен, Паркот планира да ја возобнови училницата на отворено покрај Детската патека и да изгради нова кај место викано Ластојчин камен кои ќе бидат наменети за едукативни активности за најмладите посетители. Овие училници ќе служат како простор за организирање работилници, часови во природа и интерактивни активности, каде што децата ќе имаат можност да учат за биодиверзитетот, екосистемите и важноста на заштитата на природата.
- Летниковец на Јоргов Камен, на популарната локација Јоргов Камен, ќе се постави летниковец кој ќе обезбеди удобен простор за одмор и релаксација на посетителите. Летниковецот ќе биде изработен од еколошки материјали и ќе се вклопува во природната околина, овозможувајќи посетителите да уживаат во панорамските погледи и свежиот планински воздух.
- Клупи на местото викано Црвени Стени, ќе бидат поставени клупи кои ќе овозможат на посетителите да направат пауза и да уживаат во природната убавина на

околината.

- Паркот врз основа на планот за оддржување на истичката инфраструктура за тековната година ќе предвиде реновирање и на останатите локалитети во паркот.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализра од страна на Стручниот колегиум и вработените на Инфроматавниот центар во НП Пелистер, ангажирани 3 лица (опрема, плати, гориво, ангажирани стручни лица).

## Потпрограма 3: Систем за мониторинг на посетители во НП Пелистер

### 5.3.1. Мониторинг на посетители во Националниот парк Пелистер

Нацоналниот парк Пелистер во 2026 година предвидува активности во Потпрограма Систем за мониторинг на посетители во НП Пелистер. Унапредувањето на системот за мониторинг на посетители во НП Пелистер ќе се извршува преку:

- Следење на состојбата со бројот на посетители и нивното искажување на мислења во врска со Паркот, преку постојано анкетирање на посетителите, особено на оние кои го посетуваат Информативниот центар.
- Изработка на софтверска програма за надгледување на посетителите и контрола, со што би се минимизирале негативните влијанија, опрема добиена со проектот кој НП Пелистер го има добиено преку ИПА програмата (Грција-Македонија) под наслов „I-TOUR“.
- Согласно истиот проект од ИПА, во поглед на подобрување на квалитетот на информирање на посетителите на Информативниот центар веќе е инсталирана опремата за симултан превод за информирање на посетителите на Инфоцентарот на неколку јазици. Со тоа запознавањето на посетителите со вредностите на Паркот ќе биде подигнато на повисоко ниво и ќе им биде овозможено квалитетно информирање за природните богатства на Пелистер.
- Со добивањето на опремата во текот на 2026 година треба да бидат подготвени тематски програми за обиколка на Паркот, за водење на групи со користење на симултан превод, по Историската, детската патека, или други патеки за кои посетителите ќе пројават интерес.
- Поставена е мрежната поврзаност преку ви-фи сигнал за покривање на целата територија на паркот, и се подигне степенот на безбедност и ориентација во полза на посетителите. Во текот на 2026 на повеќе точки во паркот можат да се поврзат со ви-фи сигналот и да добијат неопходни информации, или да побараат некаква помош за ориентација, во случај на повреда или сл., од Управата на Паркот.

## **ПРОГРАМА 6:** Локален развој (со акцент на одржување на

традиционалните стопански дејности)

## Потпрограма 1 Активно учество на локалните заедници во управувањето со Националниот парк Пелистер

### 6.1.1 Локални заедници

Соработката со локалната заедница и локалниот развој на населението останува една од приоритетните активности на управувањето со НП Пелистер. Како во изминатиот период така и во наредната година, Управата на Паркот доследно ќе ја спроведува политика на вклучување на локалното население во извршувањето на редовните и сезонските активности на работата на Паркот, се разбира, во рамките на можностите.

Локалните заедници редовно се присутни во активностите Советот на засегнати страни при подготовка на METT 4 Алатката.

Покрај редовни вработувања (чувари и друг технички и стручен персонал) Паркот обезбедува и сезонска работа за голем број жители од с. Маловишта и селата кои се на границата на Паркот, во редовните, но и во дополнителните активности во шумите, собирање на семе и шишарки од молика, ела и бел бор, земјени и други градежни интервенции и зафати, сезонско зајакнување на чуварската служба, гаснење на пожари и сл.

Исто така, Управата на Паркот покажува разбирање и флексибилност во искористување на некои од природните ресурси, особено боровинката, смреката, повеќе лековити растенија и сл., кои локалните жители редовно ги собираат и продаваат, со што остваруваат приход кој има големо значење во ублажување на невработеноста и сиромаштијата.

## ПРОГРАМА 7: Информирање, подигање на јавната свест и образование/ едукација

### 7.1.1. Изработка на нова веб страна

Паркот ќе изработи нова веб страна и развивање на стратегија за социјални медиуми: фејсбук, инстаграм, тик-ток, 360 view point. Изработката на новата веб-страна и социјалните медиуми имаат за цел да обезбедат модерен, функционален и интерактивен дигитален простор кој ќе ги задоволи потребите на корисниците и ќе го подобри присуството на ЈУНП Пелистер на интернет. Новата веб странаи социјалните медиуми ќе обезбедат модерен и атрактивен визуелен изглед кој ќе го рефлектираат брендот Пелистер (#pelisteronemountainonelove)

*Одговорно тело за спроведување*: Стручниот колегиум со внатрешни кадри и надворешни

соработници.

## Потпрограма 1: Обезбедување на информации

### 7.1.1 Информирање на јавноста

Во текот на 2026 година, со донесувањето  План за управување  со Националниот парк Пелситер (2021-2030) и вклопување во него на Планот за управување со Натура 2000, ќе се утврдат и нови и неопходни содржини за најважните мерки и активности кои тој план ќе ги предвиди.

Во текот на јавните расправи за новот План за управување, јавноста беше запознаена за видовите, живеалиштата и видовите на птици за кои ќе треба да се спроведуваат мониторинг и мерки за конзервација во НП Пелистер, и согласно тоа, ќе се подготват материјали и содржини за подигање на јавната свест и запознавање на пошироката јавност со улогата на Паркот во заштита на биодиверзитетот.

## Потпрограма 2: Односи со јавноста и јакнење на јавната свест за Паркот

### 7.1.2. Активности за одржување на посебни настани

Секоја година на територијата на НП Пелистер се организираат посебни настани во соработка со МЖСПП, заинтересирани страни, здруженија на граѓани како и со локалното население:

- Поддршка на **Екстрим Бајк** - велосипедска активност организирана од неколку екстрим бајк-клубови, треба да продолжи да се организира и во 2026, со поддршка на ЈУ НП ПЕЛИСТЕР и други спонзори.
- Поддршка на **Пелистер Ultra-Trail Marathon**-интернационален настан во планинско трчање, организиран за август 2026 година.
- Организирање на  **Светски ден на биолошка разновидност,** во соработка со МЖСПП.
- Организирање на  **Ден на екологијата,** во соработка со МЖСПП.
- Организрање на  **„Ден на планетата земја“,** во соработка со МЖСПП.
- Организирање на тематска работилница **„Ден на заштитата на животната средина“**
- Поддршка при организацијата на традиционалниот „**Марш на Муратот“.**
- Поддршка при организацијата на **Планинарски Марш** организиран од  планинарското друштво „7 Мај“ од Битола.
- Поддршка при организација на прославата во с. Маловиште, по повод **празникот на „Св Ана“.**
- Организирање на едукативни работилници со локалните основни училишта.
- Поддршка при организација на СКИ-ТУРНО Куп на Федерација за планинарство на Македонија

## 7.2.3. Информирање и подигање на јавната свест

Во областа на инфромирањето и подигањето на јавната свест НП Пелистер во 2026 год., предвидува:

- Организирање на јавни расправи за вредностите на Паркот, а во врска со Студијата за ревалоризација на вредностите, Планот за управување и Нацрт Просторниот план на НП Пелистер.
- Организирање на информативни средби со локалните заедници и јавноста за запознавање со значењето на мрежата Натура 2000.
- Препечатување на дел од постоечки информативни материјали, и/или изработка на други, согласно потребата.
- Изработка на брошура со цела да се промовираат постојните и новите патеките низ НП Пелистер со детални информации за должината, тежината на истите како и атракциите кои притоа можат да се видат.
- Организирање на трибини и форуми за актулени теми од областа на заштитата на животна средина, значењето на Натура 2000 и заштитата на културното наследство во Паркот.
- Организирање на едукативни работилници со локалните основни училишта.

Za molikata da se dodaj ?

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и останатите, ангажирани 5 лица (трошок за организирање на трибини, печатење на материјали, плати, гориво).

## Потпрограма 4: Еколошко образование

## 7.4.1 Образование и едукација

Како дел од воспоставувањето и спроведувањето на воспитно-образовни активности за 2026 година, Информативниот центар на Националниот парк Пелистер ќе вложи значителни напори за создавање на долгорочна соработка со локалните и регионалните училишта. Овие активности ќе бидат насочени кон ученици од основното образование во Битола и Ресен. Целта е да се поттикне и зголеми свеста за природната и културната вредност на Пелистер, како и да се формира поголема врска помеѓу младите генерации и заштитените природни подрачја. Со училиштата со кои веќе е воспоставена соработка, ќе продолжат започнатите активности за еколошка едукација, кои ќе се реализираат преку различни форми и програми, како што се:

- **Едукативни програми за ученици**: Организирање на иновативни и интерактивни едукативни програми, кои ќе вклучуваат училници на отворено, еко-работилници и

други едукативни активности. Целта на овие активности е да се развие еколошка свест кај учениците преку непосредно искуство со природата. Учениците ќе имаат можност да учат за биодиверзитетот, природните ресурси и заштитата на животната средина, преку директно учество во практични активности и посети на Националниот парк Пелистер.

- **Тематски едукативни програми**: Дизајнирање на тематски едукативни програми и прошетки по одредени природни и културни локации во паркот, каде што учениците и посетителите ќе научат за богатството на флората и фауната, како и за културните и историските вредности. Програмите ќе бидат изработени согласно резултатите од *Планот за управување на Националниот парк Пелистер (2021-2023)*.

- **Поставување на едукативни содржини на специфични локации**: Преку поставување на едукативни табли и информативни панели на различни локации во паркот, посетителите ќе добијат важни информации за природните карактеристики на одредени региони во паркот. Овие табли и знаци ќе бидат обновени или замена на постојни, со цел да се обезбеди висококвалитетна едукативна содржина за посетителите. Дополнително, ќе се постават нови интерактивни едукативни содржини на места со голема туристичка и едукативна вредност.

- **Развој на едукативни и промотивни материјали**: Во текот на годината ќе бидат развиени различни едукативни материјали, како брошури, кои ќе бидат дистрибуирани во училиштата, туристичките информации, и на други значајни локации. Овие материјали ќе бидат насочени кон различни групи на посетители, како што се ученици, студенти, наставници и туристи, со цел да се зголеми нивната свест за природните богатства на Пелистер и неговата еколошка важност.

- **Видео материјали**: Ќе се создадат професионални видео материјали, кои ќе ги прикажуваат најзначајните природни и биолошки вредности на Националниот парк Пелистер. Видео содржините ќе бидат едукативни, но и промотивни, кои ќе го претставаат Пелистер како клучен елемент во природната и културната заштита на земјата.

- **Организирање на часови во природа во соработка со НВО секторот**: Во рамките на едукативните активности, ќе се организираат еко часови, кои ќе се одржуваат директно во Националниот парк. Овие часови ќе им овозможат на учениците да се запознаат со природните процеси и феномени во живо, без да бидат ограничени на теоретските материјали. Наставата ќе се темели на активно учење и истражување, при што учениците ќе имаат можност да учат преку практично искуство.

- **Создавање на посебни едукативни програми и еко-туристички пакети**: Програмите за еко-туризам ќе вклучуваат едукативни компоненти кои ќе им овозможат на посетителите да се запознаат со природните богатства на Пелистер. Овие пакети ќе се дизајнираат за различни категории на посетители, од семејства до научни групи и студенти, и ќе им овозможат на учесниците да учат за одржливото управување со природата и важноста на заштитата на животната средина.

- **Презентации за НП Пелистер како пилот подрачје на Натура 2000**: Презентации ќе се организираат за јавноста со цел да ги запознаат сите заинтересирани со статусот на Пелистер како пилот подрачје на програмата Натура 2000. Овие презентации ќе опфатат информации за видовите, стаништата и птиците кои се предмет на заштита преку оваа европска мрежа. Презентациите ќе се фокусираат на важноста на заштита на овие природни ресурси и ќе ја нагласат улогата на Пелистер во глобалната мрежа на заштитени подрачја.

Програмата ќе биде насочена кон подобрување на свеста за природната и културната вредност на паркот, и на создавање долгосрочни партнерства со образовни и заеднички институции.

## ПРОГРАМА 8: Раководење, управување, финансирање и администрација

## Управување со НП Пелистер

Управувањето со Националниот парк Пелистер како основна активност и законска обврска, се реализираше со имплементирање на Планот за управување и со Годишните програми за заштита на природата кои ги пропишуваа посебните мерки и активности за заштита на карактеристичните природни вредности во Националниот парк Пелистер и изворната состојба во која тие се наоѓаат, поради кои просторот се стекнал со статус на природно наследство.

Донесен е План за управување со Националниот парк Пелситер (2021-2030), со оглед на тоа дека на досегашниот План за управување беше изготвен за периодот 2006 – 2015 година е изминат, спроведена е научно-истражувачката активносјт и е изработена Студија за валоризација/ревалоризација на вредностите во НП Пелистер.

Управувањето со Националниот парк Пелистер целосно е подредено во функција на барањата и задачите кои произлегуваат од Планот за управување. Ќе се спроведат и потребните нови методи на управување, особено во делот на мониторингот и заштита, а се очекува за таа намена да бидат усвоени и Правилници кои ќе ги предложи и донесе МЖСПП.

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на ангажирање на надворешни соработници и поддршка од кадарот на НП Пелистер. *Потребни финансиии се обезбедени од Фондацијата ПОНТ.*

## Потпрограма 8.1 Институционално зајакнување на Јавната Установа

### 8.1.1 Раководење и администрација

ЈУ Националниот парк Пелистер има мотивиран и професионален кадар кој овозможува ефикасно и одговорно управување. Стратешките насоки за подигнување на капацитетот за управување на Управата на НП Пелистер произлегуваат директно од Визијата за иднината на Паркот која беше дел од претходниот План за управување, а ќе биде ревидирана и повторно донесена со План за управување со Националниот парк Пелситер. Во основа, целта е Паркот да

се управува на ефикасен начин и во согласност со обврските што ќе произлезат од Новиот План за управување, Сатутот на ЈУ НП Пелистер и Систематизацијата на работните места, согласно законските регулативи.

Во насока на квалитетно и професионално управување, Директорот на Паркот донесе нова систематизација на работните места, со организациона структура прилагодена кон новиот приод на управување со Паркот, согласно Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14 и 199/14), и Законот за административни работници (Сл. Весник бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15 и 5/16).

Со цел да се адаптираме на новите предизвици и развојот на паркот, ќе биде извршена измена на актуелниот статут на ЈУНП „Пелистер“, со што ќе се направат соодветни промени и усогласувања со новите законски прописи и потребите на паркот. Истовремено, ќе се изработи нова систематизација која ќе обезбеди подобра организација и распределба на ресурсите во рамките на паркот и ќе се спроведува годишниот план за вработување за 2026 за кој е добиена согласност од МИОА.

*Одговорно тело за спроведување*: ЈУНПП.

## 8.1.1 Обука на вработените

Во рамките на реалните можности, ќе бидат поддржани стручните усовршувања на вработените во одделението за заштита на природата, како и во одделението на администрација, преку работилници, семинари, конференции и обуки, при што особен акцент ќе се стави на следните активности:

- обука за справување со пожари и на интервентните групи кои оперираат на територијата на Националниот парк
- едукација на помошно техничкото одделение
- обука за имплеметирање на ГИС системот
- обука за спроведување на континуиран мониторинг за постојниот кадар
- обука конзервацијата на биолошката разновидност
- обука за справување со активности од Планот за управување со Натура 2000
- обука за спроведување на новите законски регулативи од областа на сметководствено и финансиско управување
- обука за измени и спроведување на административните процедури во системот за човечки ресурси и администрација
- континуирана едукација и усовршување на постојниот и новиот персонал во Јавната установа Национален парк Пелистер

*Одговорно тело за спроведување*: Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум и вработените во ЈУ НП Пелистер (патни трошоци, котизција).

## 8.2 Потпрограма: Финансирање

Финансирањето на Националниот парк Пелистер во најголем се темели на самофинансирање, кое произлегува пред се од одржливото користење на природните ресурси. Детален приказ на расходите и приходите со вкалкурирани плати и инвестицоните вложувања се прикажани во Финансискиот План предвиден за 2026 година. (Прилог1).

Развивањето партнерства со други институции заради подготовка на проекти за имплементација на пооделни елементи од досегашниот и Новиот План за управување, како алтернативни можности за обезбедување на потребни финансии ќе продолжи и во 2026 година. Дополнителни извори за финансирање на Паркот ќе бидат барани од грантови, донации од национални и меѓународни извори.

*Одговорно тело за спроведување*. Активноста ќе се реализира од страна на Стручниот колегиум на ЈУ НП Пелистер и соработка со национални и странски организации.

## 8.3 Ефикасно и ефективно управување со паркот

### 8.3.1 Планирани активности за соработка / консултации со засегнати страни

**Советот на засегнати страни** и **Научниот совет** на НП Пелистер во 2026 година ќе бидат вклучени во активности во проектот **Мониторинг и зачувување на клучните вредности во Националниот парк Пелистер** за 2024-2026 година од ПОНТ фондацијата и изработка на МЕТТ алатка за споредување на зацртаните и остварените задачи во 2026 година.

Во текот на 2026 г. НП Пелистер планира да ја продолжи и продлабочи соработка со меѓународни организации и програми од обласна на заштитата на природата и управување со заштитени подрачја и тоа:

- Продолжување на членството во Еуропарк Федерација
- Членување во Асоцијацијата Паркови Динариди - мрежа на заштитени подрачја
- Потпишување и обновување на меморандуми за соработка со домашни и меѓународни невладини и владини организациии
- НП Пелистер во текот на 2026 г. планира да ја продлабочи соработката:
- ✓ Со локалната самоуправа во Битола и Ресен за сите прашања кои се важни за заедничко делување
- ✓ Со локалното население во село Маловиште и потпелистерските села околу Паркот
- ✓ Со регионални и меѓународни организации и институции кои изразуваат интерес за

паркот, а со цел изработка на заеднички проекти

- ✓ Со Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ за заедничка промоција на туристичките и културните вредности на националниот парк
- ✓ Со локалните и регионалните туристички агенции како и
- ✓ Со организирање на состаноци со засегнатите страни, планинарски друштва, образовни институции и други граѓански здруженија.

## III Тековни проекти

1. Министерство за животна средина и просторно планирање, Проект **ЗА ПЕЛИСТЕР**, вредност **4.000.000,00** денари.

   Целта на проектот е научни истражувачки активности за видот Corn Crake (Crex crex) и развој на туризмот во Национален парк Пелистер и наплата на екосистемски услуги; да се креира одржлив модел на управување со природните ресурси, каде што туризмот ќе ја подобри економијата во НПП и ќе допринесе за заштита и одржување на екосистемите во регионот. Предвидени се следните активности:

   - Предвидени се конзервациски мерки и акциски план- за Corn Crake (Crex crex). Овој вид се наоѓа на Директива за птици Анекс I (шифра 560); IUCN ERL категорија – LC; Додаток II на Бернската конвенција; Додаток II на Бонската конвенција.

   - Адреналинските активности во Националниот парк Пелистер се збогатени со ЗИП линија на локација Голема Ливада. Активностите кои треба да се спроведат со Проектот **ЗА ПЕЛИСТЕР** е изградба на објекти и уредување на локации. Со таа цел ќе се овозможи целосна понуда на посетителите и можност за користење на екосистемски услуги (наплата на влезници) од туризам.

- Изградба на мали придружни објекти во рамките на Адреналинскиот парк (локации: ЗИП линија и Инфоцентар)
- Објект (куќарка дрвена) за опрема
- Опрема за куќарка за наплата на влезници и сувенири за зип линија (дограма, маса, столици, внатрешна изолација),
- Настрешници (2),
- Клупи и маси (12),
- нова патека должина 1 км-локација: ЗИП линија-Голема ливада,
- уредување на пат и паркинг, локација рекреативниот дел на Голема ливада и
- уредување и ревитализација на велосипедска патека од с.Брајчино – Големо Ливада 30 километри

   - ПР промоција: Изработка на 2 видеа (промоција на конзервациски мерки за вид Corn Crake (Crex crex- Прдавец) и туристичка понуда за адреналински

парк), Флаер (Биодиверзитет НПП/Corn Crake (Crex crex), Авантуристички парк), гпс мапи за патеки и објекти во НПП. Промоција на биодиверзитетот и адреналинските можности кои се промовираат во НПП.

2. **Фондација ПОНТ, проект Мониторинг и зачувување на клучните вредности во Националниот парк Пелистер 2024-2026 година**
   Со **Мониторинг и зачувување на клучните вредности во Националниот парк Пелистер** (**Monitoring and conservation of key values in Pelister National Park)** се овозможува кофинансирање од ПОНТ за покривање на оперативните трошоци поврзани со имплементацијата на новиот План за управување за Националниот парк Пелистер. Целите и резултатите презентирани во проектната апликација се изведени од Планот за управување со некои мали прилагодувања.

   Целта на овој проект е да се постигне систематската и постепена транзиција од профитно ориентирано кон управување со шумарство водено од зачувување што ќе бара длабоки промени во моделот за финансирање на зачувувањето на Јавната установа Национален парк Пелистер и развој на нови вештини и капацитети за достигнување целите на управување утврдени во новиот план, со фокус на мониторингот на биолошката разновидност, едукацијата за животната средина и управувањето со посетителите.

3. Проектот **Паркови на Динарската верига** продолжува и во 2026 година со програма која се однесува на соработка со локалните заедници. Во Формираната Асоцијација - Паркови Динариди - мрежа на заштитени подрачја чија бројка достигна 74, а беше основана од 36 национални паркови и паркови на природа, Националниот парк Пелистер, е еден од основачите на Асоцијацијата со седиште во Црна Гора, и во 2026 г. продолжува со настојување за:

   - активно партиципирање во креирање на препознатлив бренд „Динариди“.

ЈУ Национален парк Пелистер Битола

Битола, 29.01.2026

Директор

Иванчо Тошевски

___________________